


# Содржина


**Р**окови што треба да се испочитуваат до крајот на јуни 2025 година ................................ 2

**Н**ови коефициенти за плата во здравствената дејност за месец март 2025 година .......... 5

**И**звештаи за кредитни работи склучени со нерезиденти
- нова одлука од 01.05.2025 година ................................................................................ 11

**Н**адоместок на плата на работник поради боледување или повреда ................................ 13

**Г**одишен извештај за работењето на друштвата согласно ЗТД ...................................... 29

**М**ирување на правата и обврските од работен однос - неплатено отсуство ...................... 34

ДАНОЧЕН ИНФОРМАТОР

**Г**одишна даночна пријава за данок на личен доход за 2024 година
- потврдување до 31 мај 2025 година ................................................................................ 40

**П**реглед на одделни издатоци кај приватниот, буџетскиот и
јавниот сектор за мај 2025 година .................................................................................. 55

**Н**ајвисоки малопродажни цени на нафтени деривати ....................................................... 67

**О**творени стечајни постапки над должници ..................................................................... 67





**Почитувани, Ве покануваме на online обуки за КПУ на 29 и 31 мај и 4 јуни 2025 година.**

**целосните информации погледнете ги на fvkonsalting.com.mk**



**Издавач:** ЕКОНОМСКО ПРАВЕН КОНСАЛТИНГ ФВ
Сметка: 300000000164063/Комерцијална банка А.Д. - Скопје/Даночен број МК 4030998346950
**Главен и одговорен уредник:** Трендафилка Василева
**Уреднички одбор:** Трендафилка Василева, Марјан Василев, Маја Лазароска, Валентина Тодоровска, Митра Никова
**Лектор:** м-р. Кирил Ангелов
**Компјутерска обработка:** Афродита Василева
**Адреса:** "Костурски херои" бр.40-4/2, 1000 Скопје / www.fvkonsalting.com.mk / info@fvkonsalting.com.mk
**Телефони:** 02/3245-970, 3245-971


Сите права се заштитени. Ниеден дел не смее да биде препечатен, копиран и умножуван без претходна писмена согласност од издавачот.

# Рокови што треба да се испочитуваат до крајот на ЈУНИ 2025 година



| Р. бр. | Обврска | Рок за доставување и рок за плаќање |
|---|---|---|
| 1 | Доставување пресметка е-ППД до УЈП за остварени приходи во мај 2025 г. по основ на: издавање под закуп и подзакуп на физичко лице; на самостоен вршител паушалец и на дипломатско - конзуларни претставништва и меѓународни организации: капитални добивки; приходи од странство, лични примања од дипломатски и конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва со дипломатски имунитет и приходи од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари и од договор за дело склучен со физичко лице | ➨ **до 10 јуни** |
| 2 | Органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, установите и институциите кои вршат дејности од областа на културата, образованието, здравството, детската, социјалната заштита, како и други дејности од јавен интерес утврдени со закон, основани од РСМ или единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, трговските друштва, заводите, агенциите, фондовите и други правни лица чиј основач е РСМ или единиците на локалната самоуправа се должни на месечна основа преку Електронски систем за пријавување и евиденција на обврските **ЕСПЕО** до Министерството за финансии да ги пријават обврските за месец мај 2025 година | ➨ **најдоцна до 10 јуни** |
| 3 | Банките доставуваат во електронска форма податоци за 05.2025 г. за:<br>- исплатени кредити кон клиенти во износ од 15.000 евра или повеќе и<br>- дадени и/или примени позајмици помеѓу клиентите во износ од 5.000 евра или повеќе | ➨ **до Управата за финансиско разузнавање до 10 јуни** |
| 4 | Поднесување на образецот “ЗРД” за банките до НБРСМ за месец мај 2025 година | ➨ **најдоцна до 10 јуни** |
| 5 | Поднесување на “МПИН” - Месечна пресметка за интегрирана наплата на плата за месец мај 2025 година | ➨ **до УЈП до 10 јуни** |
| 6 | Држателот на акцизен склад и увозникот, ги пријавува потребите за акцизни марки за жестоки алкохолни пијалаци и меѓупроизводи за месец јули 2025 година до Царинската управа | ➨ **до 10 јуни** |
| 7 | Производителот или увозникот ги пријавува потребите од акцизни марки за тутунски производи за јули 2025 година до Царинската управа | ➨ **до 10 јуни** |
| 8 | Поднесување на образецот “ЗРБ” за банките и образец “ЗРШ” за штедилниците до НБРСМ за месец мај 2025 година | ➨ **најдоцна до 11 јуни** |
| 9 | Акцизниот обврзник поднесува до Царинската управа акцизна декларација за меѓупроизводи и жестоки алкохолни пијалаци за месец мај 2025 година | ➨ **до 15 јуни** |

| Р. бр. | Обврска | Рок за доставување и рок за плаќање |
|---|---|---|
| 10 | Иматели на акцизна дозвола поднесуваат до Царинската управа акцизна декларација за енергенти и електрична енергија за мај 2025 година | ➡ до 15 јуни |
| 11 | Производителот, трговецот со нови и трговецот со употребувани моторни возила се должни да подготват и да достават до Царинската управа месечен извештај во кој се содржани податоците за продадени и испорачани нови и/или употребувани моторни возила за месец мај  2025 година | ➡ до 15 јуни |
| 12 | Обврзниците плаќаат аконтација на данок на добивка  и данок на личен доход за месец мај 2025 година | ➡ до 15 јуни |
| 13 | Регистрација за целите на ДДВ со образец ДДВ - 01 (обврзници кои во мај 2025 година оствариле вкупен промет над 2.000.000 денари) | ➡ до 15 јуни |
| 14 | Банките поднесуваат извештаи за каматни стапки на примени депозити и дадени кредити (Образец КС-1 и Образец КС-2) за месец мај 2025 година | ➡ до НБРСМ најдоцна до 15 јуни |
| 15 | Исплата на плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и данок на личен доход за мај 2025 година | ➡ најдоцна до 15 јуни |
| 16 | Плаќање на аконтација на данок на личен доход врз основа на одобрени пресметки е-ППД од УЈП за: приходи од имот и имотни права остварени од издавање под закуп или подзакуп на физички лица, на самостоен вршител - паушалец и на дипломатско-конзуларни претставништва и меѓународни организации; капитални добивки; приходи остварени од странство, лични примања од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет, приходи од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелените пазари и од договор за дело со физичко лице за мај 2025 година | ➡ до 15 јуни |
| 17 | Вршителите на угостителска и туристичка дејност се должни наплатената такса за мај 2025 година за привремен престој да ја уплатат:<br>- 80% на сметка на општината т.е. на град Скопје и<br>- 20% на сметка на Буџетот на РСМ | ➡ до 15 јуни |
| 18 | Месечен извештај "МИ" за месец мај 2025 година (за сметки отворени во странство, евиденциски сметки за порамнување) | ➡ до НБРСМ до 20 јуни |
| 19 | Правните лица и претприемачите поднесуваат “ДДВ-04” пријава за месечен (мај) даночен период | ➡ до 25 јуни |
| 20 | Големите и средни трговци, трговците кои вршат банкарски и осигурителни дејности, трговците кои котираат на берза и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидираните | |

| Р. бр. | Обврска | Рок за доставување и рок за плаќање |
|---|---|---|
| | финансиски извештаи на претходно наведените трговци, одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа ги доставуваат (без годишна сметка) освен ако е сменета годишната сметка | ➡ до Централен регистар на РСМ до 30 јуни |
| 21 | Субјектите кои добиле дозвола за користење на вода, за испуштање на вода и за вадење песок, чакал и камен плаќаат надоместок | ➡ еднаш месечно |
| 22 | Во случај на зголемување на акцизата на енергенти, производителот, увозникот, трговецот на големо и трговецот на мало на енергенти се должни: | |
| | • на денот на зголемувањето, да направат попис на затечените залихи на енергенти како и записник за пописот и да го поднесат до царински орган не подоцна од | ➡ 5 дена од пописот |
| | • да поднесат акцизна декларација во електронска форма или во хартија во рок од | ➡ 5 дена од зголемувањето |
| | • акцизата да ја платат во рок од | ➡ 15 дена од зголемувањето |

**Почитувани претплатници,**

**со претплатата за 2025 година, Ви следува пристап до БАЗАТА СО ПОДАТОЦИ на нашата веб страница, исполнета со низа податоци потребни за Вашето секојдневно работење.**

**За да пристапите до истата, потребно е да имате корисничко име и лозинка, кои ги добивате од нас.**

**Контактирајте нé на info@fvkonsalting.com.mk**



# Нови коефициенти за плата во здравствената дејност за месец март 2025 година




Во „Службен весник на РСМ” бр. 87/2025 се објави Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.

Овој Анекс влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ”, а ќе се применува со исплата на платите **за месец март 2025 година.**

## Нови коефиценти за пресметка на плата

Согласно измените на членот 61 и членот 61-а од Колективниот договор за здравствената дејност на РМ („Службен весник на РМ” бр. 60/06...32/19 и „Службен весник на РСМ” бр. 196/19 ...250/24), за поединечните работи, односно занимања на работниците кои имаат засновано работен однос во јавните здравствени установи, здравствени домови, центри за јавно здравје, институт за јавно здравје, институти, општи болници, општи болници со проширена дејност, специјализирани болници, клинички болници, универзитетски клиники и универзитетски институти се менуваат коефициентите за пресметка на плата и тоа како што следи во следниве табели:

| профили | коефициент |
|---|---|
| **Занимања од I група на сложеност** | |
| - чистач во административни простории | 2,584 |
| - чистач во кујна | 2,584 |
| - чувар на животни | 2,584 |
| - општ работник | 2,584 |
| - садомијач | 2,593 |
| - перач, пеглач на веш | 2,593 |
| - чистач во здравствени простории | 2,600 |
| - чистач во РТГ простории | 2,600 |
| **Занимања од II група на сложеност** | |
| - портир | 2,608 |
| - вратар | 2,608 |
| - курир | 2,615 |
| - домаќин | 2,615 |
| - сервирка | 2,623 |
| - работник во кујна-садомијач | 2,623 |
| - пеглар, сушар, перач на веш | 2,623 |
| - телефонист во работна единица | 2,630 |
| - садомијач во лабораторија, трансфузиологија инфузија и нуклеарна медицина | 2,630 |
| - чувар - пожарникар | 2,637 |
| - гипсер, разнесувач на материјал | 2,644 |
| - физички работници | 2,651 |
| - физички работник-асанатор | 2,658 |
| - телефонист во здравствена установа | 2,658 |

| | |
|---|---|
| - болничар (помошник обдуцент, препаратор, одржувач на хигиена, транспортер во операциона сала, интензивна нега) | 2,668 |
| - болничар - неговател (детска негователка во стационар, млечна кујна, детска гледачка, болничар во операциона сала) | 2,668 |
| **Занимања од III група на сложеност** | |
| - КВ - работници (со стручен испит) | 2,663 |
| - КВ - работници | 2,673 |
| - КВ - телефонист | 2,673 |
| - работници со ССП | 2,680 |
| - противпожарен техничар | 2,680 |
| - дактилограф | 2,680 |
| - стенодактилограф | 2,680 |
| - сервирка | 2,680 |
| - продавач | 2,680 |
| - возач | 2,687 |
| - котлар | 2,687 |
| - електричар | 2,687 |
| - техничар (ТТ, ТВ и др.) | 2,697 |
| - болничар со ССП | 2,703 |
| - детска негователка со ССП | 2,703 |
| **Занимања од IV група на сложеност** | |
| - ВКВ-работници (возач, котлар, автомеханичар, на парен котел, водоинсталатер, електричар, монтер, бербер, готвач, машино-бравар, ѕидар и др. | 2,709 |
| - обезбедувач со лиценца за обезбедување | 2,709 |
| - технички секретар | 2,709 |
| - секретар- архивар | 2,709 |
| - секретар за настава | 2,715 |
| - стенодактилограф I-а класа | 2,715 |
| - статистичар- евидентичар | 2,715 |
| - архивар- дактилограф | 2,715 |
| - архивар- магационер | 2,715 |
| - референт- администратор | 2,715 |
| - оперативен службеник | 2,715 |
| - референт за прием и испис | 2,715 |
| - референт за студентски прашања | 2,722 |
| - информатор | 2,722 |
| - библиотекар | 2,729 |
| - преведувач-кореспондент | 2,729 |
| - касиер | 2,729 |
| - економ-домаќин | 2,729 |
| - техничар (електро, машински, ТТ, ТВ, ПП и др) | 2,729 |
| - возач во итна медицинска помош | 2,750 |
| **Занимања од V група на сложеност** | |
| **Подгрупа V/1** | |
| - општа медицинска сестра (приемно и картотека) | 2,902 |
| - референт за ОНО и ОСЗ | 2,735 |
| - благајник | 2,743 |
| - инкасатор | 2,743 |
| - пресметувач на плати | 2,743 |

| | |
|---|---|
| - фактурист | 2,743 |
| - материјално-финансов книговодител | 2,756 |
| - ликвидатор | 2,756 |
| - референт за работни односи | 2,756 |
| - оператор на терминал | 2,763 |
| - контер | 2,763 |
| **Подгрупа V/2** | |
| - здравствен статистичар | 2,966 |
| - медицинска сестра-болничар | 2,966 |
| - негователски техничар за нега на болен | 2,966 |
| - медицинска сестра акушерка техничар, стоматолошка сестра | 2,996 |
| - фармацевтски техничар, хемиски техничар, санитарен техничар, физиотерапевт, препаратор, цитогенски техничар, перфузионист, забен техничар, радиолошки техничар, фотолаборант, дезинсектор, програмер на компјутер, забари-дентисти | 2,966 |
| - патронажна медицинска сестра, медицинска сестра во вакцинација | 3,026 |
| - медицинска сестра во итна медицинска помош | 3,026 |
| - медицинска сестра во домашна посета | 3,026 |
| - медицинска сестра во одделенија во психијатриска болница | 3,026 |
| - медицинска сестра - инструментарка, инструментарка-акушерка, медицинска сестра- анестетичар, физиотерапевт во реанимација, медицинска сестра во интензивна нега, акушерка во родилна сала, медицинска сестра на дијализа, медицинска сестра физиотерапевт, трансфузионист, медицински техничар лаборант, лаборантски техничар, лаборант по нуклеарна медицина, медицинска сестра во оддел на гератролошка и палијативна здравствена заштита | 3,056 |
| **Занимања од VI група на сложеност** | |
| **Подгрупа VI/1** | |
| - виш референт | 2,851 |
| - економист, правник (со степен) | 2,908 |
| - инженер (со степен) | 3,014 |
| - виш социјален работник | 3,014 |
| - виш програмер | 2,936 |
| - виш санитарен техничар, виш забен техничар, виш физиотерапевт, виша медицинска сестра, акушерка, виши лаборант, трансфузионист, виш фармацевт, виш цитогенски техничар, виш РТГ техничар, виш фармацевтски техничар | 3,109 |
| - дефектолог, диететичар, нутриционист, виш работен терапевт, воспитувач, педагог, наставник, виш здравствен соработник, инженер по медицинска радиологија | 3,109 |
| **Подгрупа VI/2** | |
| - виш здравствен работник специјалист во психијатрија, нуклеарна медицина, забна здравствена превентива, медицина на трудот, интензивно лекување, патронажна, диететика, комунална хигиена, итна медицинска помош, визил техничар, трансфузионист, анестетичар и др. | 3,204 |
| **Занимања во VII група на сложеност** | |
| **Подгрупа VII/1-а** | |
| - технички уредник на списание | 3,473 |
| - дипломиран економист, дипломиран правник, дипломиран менаџер по човечки ресурси | 3,500 |
| - стручен соработник-референт, дипл. економист, правник, библиотекар, дипломиран менаџер по човечки ресурси | 3,534 |
| - самостоен стручен соработник дипл. економист, правник, библиотекар, дипломиран менаџер на човечки ресурси | 3,592 |
| - дипломиран социјален работник | 3,673 |
| - здравствени работници со високо стручно образование (180 ЕКТС) | 3,673 |

| | |
|---|---|
| - дипл.педагог, дипл.дефектолог, дипл.психолог, дипл.логопед, дипл.биолог, дипл.физичар, дипл.сурдолог, дипл.соматопед | 3,673 |
| - здравствен работник со високо стручно образование-специјализиран во струка (180+60ЕКТС) | 3,708 |
| - стручен соработник дипломиран педагог, дефектолог, психолог, логопед, биолог, физичар, сурдолог, соматопед, социјален работник | 3,708 |
| - дипломиран инженер | 3,704 |
| - дипломиран хемичар и биохемичар | 3,739 |
| - самостоен стручен соработник дипломиран педагог, дефектолог, психолог, логопед, биолог, физичар, сурдолог, соматопед, социјален работник | 3,769 |
| **Подгрупа VII/1-б** | |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт | 4,313 |
| - доктор на медицина , доктор на стоматологија и фармацевт на специјализација | 4,313 |
| - доктор на медицина во итна медицинска помош | 4,403 |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт примариус | 4,411 |
| - помлад асистент | 3,931 |
| **Подгрупа VII/2-а** | |
| - самостоен стручен соработник (дипломиран правник со правосуден испит кој врши работни задачи предвидени со правосуден испит) и дипл.економист овластен ревизор | 3,801 |
| - магистер - дипломиран економист, дипломиран правник, магистер по менаџмент на човечки ресурси | 3,801 |
| - магистер дипломиран биолог, физичар, хемичар, педагог, психолог, логопед, сурдолог, соматопед | 3,987 |
| - магистер по јавно здравство | 3,987 |
| - здравствени соработници со специјализација | 4,048 |
| **Подгрупа VII/2-б** | |
| - здравствени соработници со специјализација од областа на медицина, стоматологија или фармација | 4,914 |
| - д-р на медицина, д-р на стоматологија, фармацевт со магистериум од областа на медицински, стоматолошки и фармацевтски науки | 5,002 |
| - доктор на медицина - специјалист во ИМП | 5,833 |
| - д-р на медицина, д-р на стоматологија и дипломиран фармацевт - специјалист | 5,945 |
| - д-р на медицина, д-р на стоматологија и фармацевт специјалист со магистериум од областа на медицински, стоматолошки и фармацевтски науки | 5,980 |
| - асистент | 6,154 |
| - д-р на медицина, д-р на стоматологија и дипломиран фармацевт-специјалист примариус | 6,323 |
| - д-р на медицина, д-р на стоматологија и дипломиран фармацевт - суспецијалист | 6,390 |
| **Занимања од VIII група на сложеност** | |
| **Подгрупа VIII-а** | |
| - доктор на науки од областа на немедицинските науки сродни на дејноста на установата | 5,465 |
| - доктор на медицински, стоматолошки и фармацевтски науки | 6,744 |
| - доктор на медицински , стоматолошки и фармацевтски науки - асистент | 6,786 |

За поединечни работи, односно занимања за работниците кои имаат засновано работен однос, во јавните здравствени установи Универзитетски клиники, Универзитетски институти и во здравствените установи кои претставуваат наставно-научна база се избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, и имаат засновано работен однос на медицински и стоматолошки или фармацевтски факултет, се утврдуваат следните коефициенти за плата:

| профили | коефициент |
|---|---|
| **А) Соработнички звања: (асистенти/помлади асистенти):** | |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт | 5,111 |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија со магистериум по медицински, стоматолошки науки и фармацевтски науки | 5,475 |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт -специјалист | 6,637 |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија-специјалист со магистериум по медицински, стоматолошки науки и фармацевтски науки | 6,702 |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт-специјалист примариус | 6,943 |
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт-субспецијалист | 7,224 |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки | 7,430 |
| **В) Наставно научни и научни звања** | |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки-научен соработник | 7,591 |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки - доцент | 7,673 |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки - виш научен соработник | 7,835 |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки - вонреден професор | 7,916 |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки-научен советник | 7,996 |
| - доктор на медицински, доктор на стоматолошки науки и доктор на фармацевтски науки - редовен професор | 8,078 |
| **С) Здравствени соработници со наставно-научни и научни звања** | |
| - Доктор на науки - научен соработник | 5,625 |
| - Доктор на науки - доцент | 5,700 |
| - Доктор на науки - виш научен соработник | 5,848 |
| - Доктор на науки - вонреден професор | 5,923 |
| - Доктор на науки - научен советник | 5,996 |
| - Доктор на науки - редовен професор | 6,072 |

## Коефициенти на плата на директорите во јавните здравствени установи

Во член 73-а се менуваат вкупните **коефициенти за пресметка на плата на директорите во јавните здравствени установи** и тоа како што следи:

| профили | коефициент |
|---|---|
| - здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори кои не се здравствени работници и директори кои се здравствени работници без специјализација) | 6,626 |
| - здравствени станици, поликлиники и здравствени домови до 150 вработени (директори кои се здравствени работници со специјализација) | 6,931 |
| - здравствени домови над 150 вработени и центри за јавно здравје (директори кои не се здравствени работници и директори кои се здравствени работници без специјализација) | 7,148 |

| | |
|---|---|
| - здравствени домови над 150 вработени и центри за јавно здравје (директори кои се здравствени работници со специјализација) | 7,477 |
| - Институт за јавно здравје, центри, општи болници, специјални болници, заводи и институти (директори кои не се здравствени работници и директори кои се здравствени работници без специјализација и директори кои се здравствени соработници) | 7,614 |
| - Институт за јавно здравје, центри, општи болници, специјални болници, заводи и институти (директори кои се здравствени работници со специјализација) | 7,966 |
| - клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори кои не се здравствени работници и директори кои се здравствени работници без специјализација) | 7,943 |
| - клинички болници, клиники и универзитетски клиники (директори кои се здравствени работници со специјализација) | 8,310 |
| - универзитетски клинички центар, универзитетски институт (директори кои не се здравствени работници и директори кои се здравствени работници без специјализација) | 8,291 |
| - универзитетски клинички центар, универзитетски институт (директори кои се здравствени работници со специјализација) | 8,675 |

## Коефициент на плата на главна медицинска сестра, главен медицински лаборант, главен рендген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар

Согласно измената на **член 73-а** став 3 се утврдува плата:

- на главната медицинска сестра, главниот медицински лаборант, главниот рендген технолог, главниот физиотерапевт и главниот забен техничар на универзитетски клинички центар, универзитетски институт, универзитетска клиника, институт, болница за нега, болница (општа и специјализирана) и центар во вкупен коефициент од **4,286** и
- на главната медицинска сестра на поликлиника и здравствен дом во вкупен коефициент од **4,136**.



# Извештаи за кредитни работи склучени со нерезиденти - нова одлука од 01.05.2025 година

Со оваа одлука се пропишуваат начинот, формата и роковите за поднесување на извештаи до НБРСМ за кредитните работи склучени со нерезиденти.

Известувањето за кредитните работи со нерезиденти се врши за статистички цели.

МИТРА НИКОВА

Во “Службен весник на РСМ” бр. 84/2025 се објави нова Одлука за начинот, формата и роковите за поднесување извештаи за кредитните работи склучени со нерезиденти.

Новата одлука **се применува од 1 мај 2025 година**.

Со примена на оваа одлука, престана да важи Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи (“Службен весник на РМ” бр. 173/15 и 105/18).

## За кои трансакции се поднесуваат извештаи за кредитни работи?

Согласно Законот за девизно работење (“Сл. весник на РМ” бр. 34/01...37/25) кредитни работи се трансакции на склучување на договори за кредит или договори за заем.

Резидентите кои **склучиле кредитна работа со нерезиденти, во противвредност над 5.000 евра**, се должни да ја известат Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: НБРСМ) за кредитните работи во согласност со одредбите од оваа одлука.

Според старата одлука резидентите поднесуваа извештаи за кредитни работи независно од вредноста на кредитната работа.

Резидентите ја известуваат НБРСМ непосредно, а може и да му дадат писмено овластување на друго правно лице - овластено лице, да известува во негово име за кредитните работи склучени со нерезиденти.

Резидентот или овластеното лице (во натамошниот текст: известувачот) известува поединечно или збирно, во согласност со одредбите од оваа одлука.

## Поединечно и збирно известување

Известувачот известува поединечно за:

- комерцијален кредит (трговски кредит - одложено плаќање), ако со договорот за кредит е предвидена продажба на стоки или услуги помеѓу продавачот и купувачот со рок на отплата над една година;



- комерцијален кредит (трговски кредит - аванс), ако со договорот за кредит е предвидена наплата/плаќање аванс за иден извоз/увоз на стоки или услуги што ќе се изврши во рок подолг од една година;

- финансиски лизинг, ако со договорот за лизинг, давателот на лизинг му го дава на користење предметот на лизинг на корисникот на лизинг, без пренос на сопственоста, за определен временски период и под определени услови;

- стоковен кредит, ако кредиторот (финансиска институција или институција за извозно кредитирање) со договорот за кредит една-

пред ја утврдил неговата намена, т.е. го одобрил за плаќање стоки или услуги во меѓународниот промет;

- финансиски кредит (заем), ако со договорот, кредиторот директно му позајмува финансиски средства на должникот (вклучително и банкарски краткорочни кредитни линии), со исклучок на кредитните картички издадени од резидентите на нерезидентите и негативните салда на тековните сметки на нерезидентите;

- издавање должнички хартии од вредност на странски финансиски пазари.

Предмет на поединечно известување, согласно оваа одлука, се и долгорочните заеми со период на достасување од пет и повеќе години, наменети за воспоставување трајна економска поврзаност и/или ако се дадени меѓу економски поврзани субјекти.

Известувачот известува збирно за:

- емство и гаранција;

- залог на недвижнини (хипотеки), движнини и други облици на осигурување;

- договорен откуп на побарувања и преземање обврски, и тоа: купување на побарувањето од правни односи меѓу резидентите, ако купувачот е нерезидент; купување на побарувањето од правни односи меѓу нерезидентите, ако купувачот е резидент; преземање обврски од правни односи меѓу резидентите, ако преземачот е нерезидент; преземање обврски од правни односи меѓу нерезидентите, ако преземачот е резидент. Доколку кредитните работи за емство, гаранција и залог се составен дел на кредитна работа за која се известува поединечно, за нив не се известува збирно.

Известувачи за кредитните работи за договорен откуп на побарувања и преземање обврски се резидентите кои преку работите на договорен откуп на побарувања и преземање обврски стекнале обврска кон нерезидентите и/или побарување од нерезидентите.

## Форма на известување

При поединечното и збирното известување, известувачот задолжително доставува:

- пополнети обрасци во согласност со упатствата донесени врз основа на оваа одлука; и

- други документи на барање на НБРСМ.

*При поединечното известување, субјектите од јавниот сектор задолжително доставуваат и писмен договор за кредит склучен со нерезидент до НБРСМ.*

Субјекти од јавниот сектор се субјектите коишто согласно Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика им припаѓаат на секторите: *држава, јавни нефинансиски друштва и јавни финансиски друштва.*

## Рок за известување

Известувачот е должен да ја извести НБРСМ за кредитните работи во рок од **десет работни дена од денот на склучувањето на договорот за кредитна работа**.

Известувачот е должен да ја извести НБРСМ:

- за целокупниот промет и измени врз основа на кредитната работа, **во рок од пет работни дена од денот на настанувањето на дејството** и

- за кредитни работи за кои се известува збирно најдоцна **до петнаесеттиот ден во месецот за претходниот извештаен период.** Извештајниот период за секој извештај ќе се уреди со посебно Упатство.

Гувернерот на НБРСМ ќе донесе упатства со кои ќе ја пропише содржината на обрасците и начинот на пополнување и поднесување на извештаите за склучените кредитни работи.

34 ГОДИНИ СО ВАС

ЕКОНОМСКО ПРАВЕН КОНСАЛТИНГ ФВ

# Надоместок на плата на работник поради боледување или повреда

СУЗАНА ЗЕЛОВСКА

Едно од правата на работникот кое произлегува од заснован работен однос е правото на отсуство од работа поради боледување, повреда надвор од работа, повреда на работа или пак поради професионално заболување. За да се оствари ваквото право на работникот, потребно е отсуството за боледување и повреда да биде соодветно документирано.

Осигуреното лице кое има засновано постојан работен однос има право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда, како и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Остварувањето на правото, постапката, начинот на пресметката на надоместокот на плата поради боледување, како и правото за основни здравствени услуги, се регулирани со одредени законски и подзаконски акти. Во продолжение ќе се задржиме на прописите кои ја регулираат оваа област.

## Законска регулатива

Правото на отсуство од работа во случај на болест и повреда надвор од работа, повреда на работа и професионално заболување, како и правото за паричен надомест го регулираат следниве законски прописи:

**-** Законот за работните односи ("Сл. весник на РМ" број 62/05...74/25 - во натамошниот текст: ЗРО);

**-** Законот за здравственото осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 25/00...209/23 - во натамошниот текст: ЗЗО);

**-** Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (88/09...150/16 - во натамошниот текст: ОКДПС);

**-** Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 154/23 - во понатамошниот текст: ОКДЈС) и

- Колективните договори на ниво на гранка.

Со цел поблиско уредување на содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица се применуваат и одредбите на:

**-** Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 18/15...251/24 - во натамошниот текст: Правилникот) и

**-** Правилникот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа зависно од видот на болеста и повредата ("Сл. весник на РМ" бр. 30/06 ... 12/17 - во натамошниот текст: Правилникот за боледување).

## Основни одредби за надоместок на плата за привремена спреченост за работа поради болест и повреда

Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда согласно **член 13** од ЗЗО можат да остварат осигурениците во следните случаи:

**1)** болест и повреда надвор од работа;

**2)** повреда на работа и професионална болест;

**3)** лекување и медицинско испитување;

**4)** негување на болно дете до тригодишна возраст;

**5)** негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;

**6)** неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;

**7)** непходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;

**8)** доброволно давање на крв, ткиво или орган и

**9)** изолираност заради спречување на зараза.

Во наведените случаи работникот добива надоместокот на плата и тоа од првиот ден на спреченоста за работа и трае цело време додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работни односи. Надоместокот кој го добива работникот **во зависност од основот и периодот на боледување** може да биде на товар на работодавачот или на ФЗО, или делумно на едниот и на другиот.

Надоместокот на плата согласно **член 18** од ЗЗО и **член 112** од ЗРО во случаите на неспособност на работникот за работа поради негова болест или повреди го утврдува и исплатува:

- за **првите 30 дена** - работодавачот од своите средства,
- **над 30 дена - Фондот за здравствено осигурување (во натамошниот текст: ФЗО).**

По исклучок, во случај на неспособност за работа на работникот за работа поради повреди настанати заради необезбедување на мерките утврдени со прописите од областа на безбедност и здравје при работа од страна на работодавачот, работодавачот исплаќа надоместок на плата и **над 30 дена**, врз основа на записник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот. Во записникот од извршениот увид кај работодавачот инспекторот на трудот е должен да наведе дали конкретната повреда е поради непреземање мерки за безбедност и здравје при работа од страна на работодавачот. Примерок од записникот инспекторот на трудот доставува и до ФЗОМ (**член 112** од ЗРО и **член 18** од ЗЗО).

Начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член на потесното семејство како и времетраењето на привремената спреченост за работа зависно од видот на болеста и повредата се уредуваат со Правилникот за боледување.

Според Правилникот за боледување и ЗЗО, **оцена за привремена спреченост за работа:**

- **за првите 15 дена** на работникот дава избраниот лекар од примарната здравствена заштита,
- **над 15 дена (почнувајќи од 16 ден)** дава првостепената лекарска комисија на ФЗО, по предлог на избраниот лекар. Ако избраниот лекар оцени дека привремената спреченост за работа ќе трае **подолго од 15 дена** го упатува осигуреникот на натамошна оцена за потреба од привремена спреченост за работа на првостепена лекарска комисија.

Според **член 20 став 2 од ЗЗО осигуреникот е должен** , оцената за привремена спреченост за работа издадена од избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно од првостепената лекарска комисија на ФЗО по предлог на избраниот лекар **да ја достави до работодавачот, односно ФЗО во рок од 8 дена од истекот на претходно утврдените рокови**, во спротивно осигуреникот е должен да се јави на работа.

**Должината на траењето на спреченоста за работа** ја утврдува избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно првостепената лекарска комисија на ФЗО, врз основа на видот на болеста, повредата или потребата за нега на член од потесното семејство.

Согласно **член 22** од ЗЗО **во случај на подолго траење на привремената спреченост за работа до 12 месеци,** првостепената лекарска комисија на ФЗО го упатува осигуре-

никот до надлежниот орган за оценување на работната способност, според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Во случај кога осигуреникот не е задоволен од оценката на избраниот лекар, односно првостепената лекарска комисија **може да поднесе приговор** до првостепената, односно второстепената лекарска комисија.

**Според член 112 од ЗРО работодавачот има право,** ако се отвори ново боледување **во рок од 3 дена** од престанокот на претходното боледување, да побара од првостепената лекарска комисија да го потврди новото боледување или да го продолжи прекратеното старо боледување.

Воедно работодавецот, односно ФЗО во зависност од тоа кој врши исплата на надоместокот на плата може да поднесе **барање** за преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа до првостепената, односно второстепената лекарска комисија (**член 21 од ЗЗО**).

Работодавачот според **член 20** од ЗЗО може да формира медицинска комисија која е овластена да изврши преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документација за периодот кога надоместокот на плата го исплатува работодавачот.

Трошоците кои ќе настанат околу формирањето, работата и потребниот дополнителен медицински преглед паѓаат на товар на работодавачот. Министерот за здравство формира комисија за контрола на работата на избраните лекари од првостепената, односно второстепената лекарска комисија во областа на оцената на привремена спреченост за работа и медицинската комисија, која е формирана на барање на работодавачот со цел да изврши и преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документација.

За лекарите и член на првостепената, односно второстепената лекарска комисија на ФЗО кои ќе овозможат осигуреник да оствари право од здравствено осигурување по основ на болест или неспособност за работа, што според закон или друг пропис не му припаѓа, односно ќе го оневозможат да го оствари правото кое му припаѓа, се предвидени санкции - **парична казна или затвор од шест месеци до три години (член 86-б од ЗЗО).**

Кога станува збор за привремени агенциски работници кои со договор за отстапување преку Агенцијата за привремени вработувања се отстапени кај работодавач корисник, обврската за исплата на надоместокот на плата е на товар на работодавачот корисник.

**Забелешка:** Осигуреникот **не може да оствари**, односно **ќе му се запре исплата** на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа **според член 23 од ЗЗО** ако:

- *неоправдано не се јави на определен лекарски или комисиски преглед и лекување или свесно не се придржува кон упатствата на лекарот;*
- *во времето на привремена спреченост за работа се утврди дека работи и*
- *остварува приход или работодавецот кај кого нема други вработени во тој период остварува приходи.*

## Надоместок на плата за привремена спреченост за работа поради бременост, раѓање и мајчинство *(породилно отсуство)*

Во **член 14 од ЗЗО** е пропишано правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Средствата за остварување на правото на надоместок на плата за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство се обезбедуваат **од Буџетот на РСМ** преку надлежен орган.

Надоместокот се исплатува за деновите за кои се остварува плата и во траење утврдено со прописите за работни односи.

Правото на овој надоместок можат да го остварат:

➲ *работник во работен однос кај: правно лице, самовработено лице, установа, друго правно*

*лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единици на локална самоуправа и Град Скопје;*

➲ *државјанин на РСМ кој на територијата на РМ е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, ако со меѓународен договор поинаку не е определено и*

➲ *самовработено лице*.

Овој надоместокот на плата за отсуство поради бременост, раѓање и родителство **се исплаќа од првиот ден на спреченост на работа на товар на Буџетот на РСМ** во траење од 9 месеци непрекинато, односно 15 месеци за близнаци или повеќе деца.

Согласно **член 165** од ЗРО, боледувањето започнува 45 дена пред раѓањето, **а задолжително 28 дена** пред раѓање.

Кога работничката ќе се породи порано од претходно споменатиот рок за отворање на боледувањето, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на рокот на боледување од 9 или 15 месеци.

Работничката која посвојува дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а ако посвоила повеќе деца (две или повеќе) 15 месеци.

Доколку од здравствени причини детето е задржано за нега или лекување во здравствена установа и доколку во меѓувреме мајката или таткото се вратат на работа, отсуството поради раѓање и родителство се прекинува при што имаат право да го искористат неискористениот дел од отсуството.

Работникот е должен на работодавачот да му го најави времето на започнувањето на користењето и времето на завршување на родителското отсуство 30 дена пред започнувањето, односно пред завршувањето на користењето на правото на родителско отсуство.

Работничката која користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, **ако сака може да се врати и пред истекот на отсуството, но не и пред 45 дена од денот на раѓање на детето.**

Притоа во ваков случај работничката покрај право на плата, има право и на надомест на плата за отсуство поради бременост и родителство **во висина од 50% од утврдениот надоместок за отсуство (член 166 од ЗРО).**

Со **членот 167** од ЗРО се дава можност кога отсуството од работа за родителство не го користи работничката, правото на отсуство од работа за родителство да го користи таткото или посвоителот на детето.

## Надоместок на плата на товар на ФЗО

Осигурениците според **член 15** од ЗЗО и **член 87** од Правилникот, го остваруваат правото на **надоместок на плата по основ на боледување на товар на ФЗО** ако ги исполнуваат следните услови:

***а)*** *здравственото осигурување да траело* ***најмалку 6 месеци*** *непрекинато (независно дали осигуреникот го променил работодавачот - друштвото) пред настапување на случајот;*

Согласно претходно наведеното **важно е во здравственото осигурување на работникот да нема прекин** независно дали имало промена на работодавачот во текот на тие 6 месеци, **односно шесте месеци непрекинато осигурување може да се оствари кај различни работодавачи.**

Овој услов од шест месеци непрекинато здравствено осигурување **не важи** во случај на настаната **повреда при работа и професионално заболување** како и за вработен осигуреник, чиј брачен другар бил упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот и по тој основ му мирува работниот однос, доколку во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство се врати на работа кај работодавачот кај кој му мирува работниот однос.

***б)** придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и*

***в)** оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар т.е лекарската комисија.*

## Основица за утврдување на надоместокот на плата

Според **член 16** од ЗЗО, **основица за пресметување на надоместокот на плата претставува просечниот месечен износ на исплатената (бруто) плата** на која е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување во последните **12 месеци** пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Во случај кога **осигуреникот работи помалку од 12 месеци**, основицата за надоместокот на осигуреникот ќе се утврди од **платата што ја остварил за деновите поминати на работа** во периодот пред настанување на случајот.

**На пример,** ако работникот е во работен однос 8 месеци, основицата за надоместокот на плата се утврдува од остварената плата за тие 8 месеци.

За осигурениците кои се **самовработени лица**, основица за пресметување на надоместокот на плата е **основицата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување**.

За осигурениците кои покрај платата остваруваат права на надоместок на плата за скратено работно време и други надоместоци според прописите за пензиското и инвалидското осигурување, во основицата за пресметување на надоместокот на плата се засметува и надоместокот на кој е платен придонес за задолжително здравствено осигурување (**член 88 од Правилникот**).

## Висина на надоместокот на плата за боледување

### А. *Кога надоместокот за боледување го исплатува ФЗО*

Надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа според **член 89** од Правилникот изнесува **70% од основицата** за надоместокот на плата и во висина од **85% од основицата** за **лицата заболени од малигни заболувања додека трае лекувањето.**

Висината на надоместокот на плата изнесува **100% од основицата** на надоместокот на плата во случај на привремената спреченост за работа предизвикана со:

- *повреда на работа, професионална болест,*
- *давање крв, ткиво или орган,*
- *бременост, раѓање и мајчинство*.

Надоместокот на плата **се исплаќа од првиот ден на привремена спреченост за работа**:

а) **на товар на ФЗО** поради **нега на болно дете до тригодишна возраст,**

б) **на товар на ФЗО** поради **доброволно давање крв, ткиво или орган** или

в) **на товар на Буџетот на РСМ** поради **бременост, раѓање и мајчинство (член 18** од ЗЗО)**.**

Ако доброволен дарител на крв не остварил надоместок на платата кај работодавецот кај кого е вработен, за отсуство од работа поради доброволно дарување крв, **може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на ФЗО**.

Согласно **член 17** од ЗЗО висината на надоместокот на плата **не може да биде повисока** од износот на **4 просечни месечни плати** исплатени во РСМ во претходната година. Највисокиот износ на надоместокот на боледување што ќе го исплаќа ФЗО во 2025 година (**4 просечни месечни нето плати исплатени во РСМ во 2024-та) изнесува 164.956 денари (41.239 x 4).**

**Забелешка:** Со измените на **член 170** од Законот за работни односи ("Сл. весник на РМ" бр. 33/15) кои се применуваат **од 15.03. 2015**, работникот на кој му престанал договорот за вработување на определено време поради истек на договорот и користи надоместок на плата за време на отсуство поради бременост, раѓање и родителство, продолжува да го користи правото до истекот на отсуството на товар на органот надлежен за спроведување на задолжителното здравствено осигурување, односно на товар на ФЗО.

### Б. *Кога надоместокот за боледување го исплатува работодавачот - ПРИВАТЕН СЕКТОР*

**Со одредбите на ОКДПС и гранските колективни договори се пропишува** висината на надоместокот**.**

Работникот според **член 31** од ОКДПС, има право на надомест на плата за време на неспособност за работа и тоа:

☛ ***до 15 дена*** *во висина од* ***70%*** *од основицата утврдена со закон;*

☛***над 15 дена*** *почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови во висина од* ***90%*** *од основицата утврдена со закон;*

☛ *за случаи утврдени со закон, кога боледувањето* ***над 30 дена*** *го плаќа работодавачот, работникот има право на надомест на плата во висина од* ***90%*** *од основицата.*

Согласно **член 35-б** од ОКДПС за непрекинато боледување подолго од 6 месеци поради повреда на работа или професионално заболување согласно колективен договор на ниво на дејности или на ниво на работодавач се исплатува надоместок во висина на просечна месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во последните 3 месеци.

**Овој надоместок целосно се оданочува со данок на личен доход**, бидејќи не е опфатен во ослободувањата од **член 12** од Законот за данок на личен доход („Службен весник на РМ" бр. 241/18...274/22 - понатаму: ЗДЛД).

Во **член 9** од Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ" бр. 112/14...199/23) е дефинирано дека исплатениот надоместок заради непрекинато боледување подолго од 6 месеци предизвикано со повреда на работа или професионално заболување во висина на просечната месечна плата по работник во РМ исплатена во последните 3 месеци и објавена од ДЗС **е даночно признат расход.**

Според **член 112** од ЗРО, ако со овој или друг закон поинаку не е одредено, на работникот му припаѓа надоместок на платата во висина од **неговата просечна плата од последните 12 месеца**, а ако работникот во тој период не примил плата, му припаѓа **надомест во висина на најниската плата**.

Согласно Објавата од Министерство за труд и социјална политика („Службен весник на РСМ" бр. 67/25) минималната бруто **плата** за март 2025 година, заклучно со февруари 2026 година **изнесува 36.037 денари** за сите дејности. Минималната бруто плата за периодот I-II. 2025 год. изнесува **33.352 денари** за сите дејности.

### В. *Кога надоместокот за боледување го исплатува работодавачот - ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно **член 18** од ОКДЈС, работодавачот на работникот му исплатува надомест на плата за време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, согласно закон.

**Забелешка:** Како работодавач во јавен сектор се сметаат органите на државната и локалната власт и други државни органи, институции од областа на образование, наука, здравство, култура, труд, социјална заштита и заштита на детето, спортот, и други дејности утврдени со закон, а организирани како агенција, фонд, јавна установа и јавно претпријатие основано од РСМ или од општините.

За време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, работникот во јавниот сектор има право на надоместок на плата, согласно со закон, во висина од:

- **70% за период до 7 дена;**
- **80% за период до 15 дена;**
- **90% за период над 15 дена и**
- **100% за период над 30 дена, во случаи утврдени со закон и колективен договор** (**член 19** од ОКДЈС)**.**

Во случаи на спреченост за работа поради професионални заболувања и повреди на работа, дарување на крв и за други случаи утврдени со закон, надоместокот се утврдува во висина од 100% од основицата.

Основица за пресметка на надоместок на плата е **просечната бруто плата на работникот во последните 12 месеци.**

Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висината на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.

Треба да се имаат во предвид и одредбите од **член 112** од ЗРО според кои, ако со овој или друг закон поинаку не е одредено, на работникот му припаѓа надоместок на плата од неговата просечна плата од последните 12 месеци.

Ако работникот за периодот кој се зема како основица за пресметка на надомест за боледување не примал плата, му припаѓа надомест во висина од најниската плата.

Согласно **член 94** од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14...210/24), ако кај административниот службеник настапи привремена неспособност за работа има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно со закон. Висината на претходно наведениот надоместок за секоја година се утврдува со Законот за извршување на Буџетот на РСМ, односно со одлуката за извршување на буџетот на единицата на локалната самоуправа.

Вработените во јавниот сектор исто како и вработените во приватниот сектор имаат право на помош поради подолготрајно боледување.

Ова право е дефинирано во **член 16** од Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2025 година ("Службен весник на РМ" бр. 254/24) според кој при непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето-плата во органот каде што е вработен.

Овој надоместок во целост се оданочува со данок на личен доход.

Согласно **член 9** од Законот за данокот на добивка, овој надомест е даночно признат расход, само ако е исплатен за боледување поради повреда на работа или професионално заболување во висина од просечна месечна плата во РМ исплатена во последните три месеци.

Следува преглед на висината на надоместот кој го исплаќа работодавачот во разни дејности согласно колективните договори на ниво на гранка:

| Ред. бр. | Колективен договор | Денови на боледување | Висина на надомест |
|---|---|---|---|
| | **ЈАВЕН СЕКТОР** | | |
| 1 | Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 154/23) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 2 | Колективен договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 60/06...87/25) | до 7 | 80% |
| | | над 7 | 90% |
| 3 | Колективен договор за социјална заштита на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 249/19...203/23) | над 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 4 | Колективен договор на министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ" бр. 149/21....274/24) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 5 | Колективен договор на министерството за одбрана („Службен весник на РМ" бр. 36/24) | до 30 | 100% |
| | | над 30 | |
| 6 | Колективен договор за основното образование во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 65/95...17/09) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 7 | Колективен договор за средното образование во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 65/95...84/09) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |

| Ред. бр. | Колективен договор | Денови на боледување | Висина на надомест |
|---|---|---|---|
| **ЈАВЕН СЕКТОР** | | | |
| 8 | Колективен договор за култура (“Службен весник на РМ” бр. 10/20..21/20) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 9 | Грански Колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |

| Ред. бр. | Колективен договор | Денови на боледување | Висина на надомест |
|---|---|---|---|
| **ПРИВАТЕН СЕКТОР** | | | |
| 1 | Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (“Службен весник на РМ” бр. 88/09...150/16) | до 15 | 70% |
| | | над 15 | 90% |
| 2 | Колективен договор за комуналните дејности на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 107/06) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 14 | 80% |
| | | над 14 | 90% |
| 3 | Колективен договор за вработените во тутунското стопанство (“Службен весник на РМ” бр. 137/16 – пречистен текст) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 4 | Колективен договор за заштитните друштва на Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 151/14) | до 15 | 70% |
| | | над 15 | 90% |
| 5 | Колективен договор за текстилна индустрија на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 220/15 и 50/17) | до 15 | 70% |
| | | над 15 | 90% |
| 6 | Колективен договор за угостителство на РМ (“Службен весник на РМ” бр. 2/08) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 14 | 80% |
| | | над 14 | 90% |
| 7 | Колективен договор за кожарска и чевларска индустрија на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 220/15) | до 15 | 70% |
| | | над 15 | 90% |
| 8 | Колективен договор за хемиска индустрија (“Службен весник на РМ” бр. 52/08...59/11) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 9 | Колективен договор за вработени од земјоделството и прехрамбената индустрија (“Службен весник на РМ” бр. 175/15 и 3/16) | до 15 | 70% |
| | | над 15 | 90% |
| 10 | Колективен договор за енергетика (“Службен весник на РМ” бр. 47/16) | до 15 | 70% |
| | | над 15 | 90% |

| Ред. бр. | Колективен договор | Денови на боледување | Висина на надоместокот |
|---|---|---|---|
| | **ПРИВАТЕН СЕКТОР** | | |
| 11 | Колективен договор за вработените во градежната и градежната и дрвната индустрија (“Службен весник на РМ” бр. 54/10) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 12 | Колективен договор за шумарството и дрвната индустрија на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр.46/94 и 23/04) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 13 | Колективен договор за трговија на Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр.42/94...74/00) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |
| 14 | Колективен договор за спортот во Република Македонија (“Службен весник на РМ” бр.71/96) | до 7 | 70% |
| | | од 8 до 15 | 80% |
| | | над 15 | 90% |

## Пресметка на придонеси за плата и на придонесите за надоместокот за боледување

При пресметката на придонеси за надоместокот на плата за време на боледување треба да се имаат предвид одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 142/08...3/25 - во натамошниот текст: Законот за придонеси).

Согласно овие законски одредби, за работникот кој прима надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, согласно закон, **обврзник за пресметка и уплата на придонеси е работодавачот или ФЗОМ**.

Според **член 15 став 1** од Законот за придонеси, основицата за пресметување и плаќање на придонесите не може да биде пониска **од 50%** од просечната плата по работник во РМ, објавена во месец јануари во тековната година и за 2025 година изнесува 31.577,00 денари (63.154,00 x 50% = 31.577).

Согласно **член 14 став 1 точка 8** од Законот за придонеси, **основица** за пресметување и плаќање на **придонесите** за надоместокот за боледување за корисникот на паричен надоместок **е надоместокот на плата** за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

За доход од работа се сметаат и надоместоците за време на боледување кои **се оданочуваат со ДЛД од 10%**, а основица за пресметување на ДЛД е **бруто износот на надоместокот на плата** намален за придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното намалување за месецот за кој се исплатува надоместокот на платата (**член 15 и член 16** од ЗДЛД).

Кога работникот во истиот месец остварил и плата и надоместок на плата за боледување, месечното лично ослободување се дели, според бројот на работни денови/часови на: дел кој се однесува на *ефективните часови на работа* и дел кој се однесува на *часови на боледување*.

Следува пример за пресметка на надоместок на боледување на товар на работодавачот.

**ПРИМЕР** за исплата на надомест за боледување на вработените во БУЏЕТСКИОТ СЕКТОР:

*Работникот СС во мај 2025 година бил на боледување 7 календарски дена (6 - 12.05.2025) т.е 5 работни дена (40 часа) со што му следува надоместок на плата за 5 работни дена во висина од 70% од основицата (просечна исплатена плата во претходни 12 месеци пред боледувањето). Ако работникот не бил на боледување, платата за мај би изнесувала 55.514 денари. Исплатената бруто плата во последните 12 месеци пред настанување на боледувањето (05/2024 - 04/2025) е 642.376 денари.*

Во продолжение пресметките по основ на плата и надоместок на плата за боледување.

| Р.бр. | Бруто плата во последните 12 месеци пред настанување на боледувањето | Бруто плата | Работни дена | Работни часови |
|---|---|---|---|---|
| 1) | мај 2024 | 52540 | 23 | 184 |
| 2) | јуни 2024 | 52540 | 20 | 160 |
| 3) | јули 2024 | 52540 | 23 | 184 |
| 4) | август 2024 | 52540 | 22 | 176 |
| 5) | септември 2024 | 52540 | 21 | 168 |
| 6) | октомври 2024 | 52540 | 23 | 184 |
| 7) | ноември 2024 | 52540 | 21 | 168 |
| 8) | декември 2024 | 52540 | 22 | 176 |
| 9) | јануари 2025 | 55514 | 23 | 184 |
| 10) | февруари 2025 | 55514 | 20 | 160 |
| 11) | март 2025 | 55514 | 21 | 168 |
| 12) | април 2025 | 55514 | 22 | 176 |
| | Вкупно | 642376 | | 2088 |

| | |
|---|---|
| Бруто плата за 12 месеци | **642376** |
| Остварени часови на работа за претходните 12 месеци | **2088** |
| Бруто плата за час (642.376 / 2.088) | 308 |
| Можен број на часови во месец мај 2025 (22 работни дена х 8 часа) | 176 |
| Часови на боледување (5 работни дена х 8 часа) | 40 |
| Часови на ефективна работа (17 работни дена х 8 часа) | 136 |
| Основица за пресметка на надомест за боледување = боледување 40 часа х 308 ден. | 12320 |
| **Пресметка на надоместок за боледување (12.320 x 70%)** | **8624** |

| **КАЛКУЛАЦИЈА ОД БРУТО ПЛАТА** | **8624** |
|---|---|
| Придонес за ФПИОМ 18.8% | 1621 |
| Придонес за здравство 7.5% | 647 |
| Дополнителен прид.здравство 0.5% | 43 |
| Придонес за вработување 1.2% | 103 |
| **Вкупно придонеси** | **2414** |
| Бруто плата намалена за придонеси | 6210 |
| **Даночно ослободување** | **2334** |
| **Основица за пресметка на данок на личен доход 10%** | 3876 |
| Пресметан данок на личен доход 10% | **388** |
| **Нето плата** | **5822** |

| Пресметка на плата за ефективна работа (17 дена) | |
|---|---|
| Работни часови во месец мај 2025 | **176** |
| Часови за боледување | **40** |
| Ефективно реализирани работни часови во месец мај 2025 (176 - 40) | 136 |
| Најниска основица за придонеси за мај 2025 | 31577 |
| Најниска основица за придонеси за ефективни работни часови (31.577 / 176 * 136) | 24400 |
| Плата за месец 05.2025 г. доколку работникот не бил на боледување | **55514** |
| Бруто плата за ефективно работно време (17 дена) 55.514 : 176 = 315,42; 315,42 x 136 = 42.897 | **42897** |

| КАЛКУЛАЦИЈА ОД БРУТО ПЛАТА | | **42897** |
|---|---|---|
| Придонес за ФПИОМ 18.8% | | 8065 |
| Придонес за здравство 7.5% | | 3217 |
| Дополнителен прид.здравство 0.5% | | 214 |
| Придонес за вработување 1,2% | | 515 |
| **Вкупно придонеси** | | **12011** |
| Бруто плата намалена за придонеси | | 30886 |
| **Даночно ослободување** | | **7936** |
| **Основица за пресметка на данок на личен доход 10%** | | 22950 |
| Пресметан данок на личен доход 10% | | **2295** |
| **Нето плата** | | **28591** |

| Збирна пресметка на плата и надомест за боледување | |
|---|---|
| Вкупно бруто плата (42.897 + 8.624) | **51521** |
| ПИО 18.8% | 9686 |
| Здравство 7,5% | 3864 |
| Дополнително здравствено осигурување 0,5% | 258 |
| Вработување 1,2% | 618 |
| Вкупно придонеси 28% | **14426** |
| Даночно ослободување (2.334+7.936) | **10270** |
| Данок на личен доход 10% (387 + 2.295) | **2682** |
| **Нето за исплата** | **34413** |

Добиените податоци се внесуваат во МПИН пријавата како што следи:

| 3.6 Ефективна работа (часови) | 3.7 Износ на ефективна работа | 3.8 Часови на надоместок | 3.9 Вид на надоместок | 3.10 Износ на надоместок |
|---|---|---|---|---|
| 136 | 28.591 | 40 | 125 | 5.822 |

| 3.14 Плата во вкупен износ | 3.15 Придонес за ПИО 18.8% | 3.40 Придонес за здравст. 7,5 % | 3.42 Доп. прид. за здравст. 0,5% | 3.44 Придонес за враб. 1,2% | 3.46 Персонален данок 10% | 3.13 Нето плата | 3.31 Ефективна нето плата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51.521 | 9.686 | 3.864 | 258 | 618 | 2.682 | 34.413 | 34.413 |

**Книжење:**

| Сметка | Опис | Износ во ПЕ | |
|---|---|---|---|
| | | должи | побарува |
| 198 | Други АВР | 51.521 | |
| 280 | Обврска за плати и надомести за плати | | 51.521 |
| 280 | Обврска за плати и надомести за плати | 51.521 | |
| 281 | Обврска за нето плати | | 28.591 |
| 282 | Надоместоци на нето плати | | 5.822 |
| 284 | Даноци од плати и надоместоци | | 2.682 |
| 285 | Придонеси од плати и надомести од плати | | 14.426 |
| | *(по пресметка за плата ...)* | | |
| 281 | Обврска за нето плати | 28.591 | |
| 282 | Надоместоци на нето плати | 5.822 | |
| 284 | Даноци од плати и надоместоци | 2.682 | |
| 285 | Придонеси од плати и надомести од плати | 14.426 | |
| 100 | Сметка | | 51.521 |
| 4011 | Основни плати | 34.413 | |
| 4013 | Персонален данок | 2.682 | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 14.426 | |
| 198 | Други АВР | | 51.521 |
| | *(по по извод бр. ...)* | | |

**Забелешка:** За надоместокот на плата што го исплатува работодавачот, во случај на боледување шифрата се менува во зависност од висината на процентот за надомест на боледување и тоа: шифра 125 - за **70%**; шифра 126 - за **80%**; шифра 127- за **90%** и шифра 128 - за **100%**.

**ПРИМЕР** за пресметка на надоместок на боледување на товар на работодавачот за вработен во ПРИВАТЕН СЕКТОР:

Работникот АА во мај 2025 година бил на боледување 22 календарски дена (од 09.05 до 30.05.2025), односно 16 работни дена (128 часа), со што му следува надоместок во висина од 90% од основицата (просечна исплатена плата во претходните дванаесет месеци пред боледувањето).

Платата за мај 2025 година би изнесувала 55.514 денари доколку работникот не бил на боледување.

Исплатена бруто плата во последните 12 месеци пред настанување на боледувањето (мај 2024 - април 2025) е 642.376 денари односно:

| Р.бр. | Бруто плата во последните 12 месеци пред настанување на боледувањето | Бруто плата | Работни дена | Работни часови |
|---|---|---|---|---|
| **1)** | мај 2024 | 52540 | 23 | 184 |
| **2)** | јуни 2024 | 52540 | 20 | 160 |
| **3)** | јули 2024 | 52540 | 23 | 184 |
| **4)** | август 2024 | 52540 | 22 | 176 |
| **5)** | септември 2024 | 52540 | 21 | 168 |
| **6)** | октомври 2024 | 52540 | 23 | 184 |
| **7)** | ноември 2024 | 52540 | 21 | 168 |
| **8)** | декември 2024 | 52540 | 22 | 176 |
| **9)** | јануари 2025 | 55514 | 23 | 184 |
| **10)** | февруари 2025 | 55514 | 20 | 160 |
| **11)** | март 2025 | 55514 | 21 | 168 |
| **12)** | април 2025 | 55514 | 22 | 176 |
| | **Вкупно** | **642376** | | **2088** |

| | |
|---|---|
| Бруто плата за 12 месеци | 642376 |
| Остварени часови на работа за претходните 12 месеци | 2088 |
| Бруто плата за час (642.376 / 2.088) | 308 |
| Можен број на часови во месец мај 2025 (22 работни дена x 8 часа) | 176 |
| Часови на боледување (16 работни дена x 8 часа) | 128 |
| Часови на ефективна работа (6 работни дена x 8 часа) | 48 |
| Основица за пресметка на надомест за боледување = боледување 128 часа x 308 ден. | 39424 |
| **Бруто надомест за боледување во мај 2025 (39.424 * 90%)** | **35482** |



## Пресметка на надоместок за боледување

| **КАЛКУЛАЦИЈА ОД БРУТО ПЛАТА** | 35482 |
|---|---|
| Придонес за ФПИОМ 18.8% | 6671 |
| Придонес за здравство 7.5% | 2661 |
| Дополнителен прид.здравство 0.5% | 177 |
| Придонес за вработување 1.2% | 426 |
| **Вкупно придонеси** | **9935** |
| Бруто плата намалена за придонеси | 25547 |
| **Даночно ослободување** | **7469** |
| **Основица за пресметка на данок на личен доход 10%** | 18078 |
| Пресметан данок на личен доход 10% | **1808** |
| **Нето плата** | **23740** |

| **Пресметка на плата за ефективна работа (6 дена)** | |
|---|---|
| Работни часови во месец мај 2025 | 176 |
| Часови за боледување | 128 |
| Ефективно реализирани работни часови во месец мај 2025 (176 - 128) | 48 |
| Најниска основица за придонеси за мај 2025 | 31577 |
| Најниска основица за придонеси за ефективни работни часови (31.577 / 176 * 48) | 8612 |
| Плата за месец 05.2025 доколку работникот не бил на боледување | 55514 |
| Бруто плата за ефективно работно време (6 дена) 55.514 : 176 = 315,42; 315,42 x 48 = 15.140 | 15140 |

| КАЛКУЛАЦИЈА ОД БРУТО ПЛАТА | **15140** |
|---|---|
| Придонес за ФПИОМ 18.8% | 2846 |
| Придонес за здравство 7.5% | 1136 |
| Дополнителен прид.здравство 0.5% | 76 |
| Придонес за вработување 1.2% | 182 |
| **Вкупно придонеси** | **4240** |
| Бруто плата намалена за придонеси | 10900 |
| **Даночно ослободување** | **2801** |
| **Основица за пресметка на данок на личен доход 10%** | 8099 |
| Пресметан данок на личен доход 10% | **810** |
| **Нето плата** | **10090** |

| **Збирна пресметка на плата и надомест за боледување** | |
|---|---|
| Вкупно бруто плата (35.482 + 15.140) | **50622** |
| ПИО 18.8% | 9517 |
| Здравство 7,5% | 3797 |
| Дополнително здравствено осигурување 0,5% | 253 |
| Вработување 1,2% | 607 |
| Вкупно придонеси 28% | **14174** |
| Даночно ослободување (2.8014+7.469) | **10270** |
| Данок на личен доход 10% (810 + 1.808) | **2618** |
| **Нето за исплата** | **33830** |




Добиените податоци се внесуваат во МПИН пријавата како што следи:

| 3.6 Ефективна работа (часови) | 3.7 Износ на ефективна работа | 3.8 Часови на надоместок | 3.9 Вид на надоместок | 3.10 Износ на надоместок |
|---|---|---|---|---|
| 48 | 10.090 | 128 | 127 | 23.740 |

| 3.14 Плата во вкупен износ | 3.15 Придонес за ПИО 18.8% | 3.40 Придонес за здравст. 7,5% | 3.42 Доп. прид. за здравст. 0,5% | 3.44 Придонес за враб. 1,2% | 3.46 Персонален данок 10% | 3.13 Нето плата | 3.31 Ефективна нето плата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50.622 | 9.517 | 3.797 | 253 | 607 | 2.618 | 33.830 | 33.830 |

**Книжење:**

| Сметка | Опис | Износ во ПЕ | |
|---|---|---|---|
| | | должи | побарува |
| 4210 | Вкалкулирани бруто плати | 15.140 | |
| 4212 | Пресметани бруто надомести од плата | 35.482 | |
| 2400 | Обврски за нето плата | | 10.090 |
| 2404 | Надомест на плата - нето износ | | 23.740 |
| 2340 | Обврски за данок на личен доход | | 2.618 |
| 2342 | Обврски за придонес за ПИО | | 9.517 |
| 2344 | Обврски за придонес за здравствено осигурување | | 3.797 |
| 2345 | Обврски за придонес за дополнително здравствено осигурување | | 253 |
| 2346 | Обврски за придонес за вработување | | 607 |
| | *(месечна пресм. на плата и надомест за боледување за 05.2025)* | | |
| 2400 | Обврски за нето плата | 10.090 | |
| 2340 | Обврски за данок на личен доход | 2.618 | |
| 2342 | Обврски за придонес за ПИО | 9.517 | |
| 2344 | Обврски за придонес за здравствено осигурување | 3.797 | |
| 2345 | Обврски за придонес за дополнително здравствено осигурув. | 253 | |
| 2346 | Обврски за придонес за вработување | 607 | |
| 2404 | Надомест на плата-нето износ | 23.740 | |
| 1000 | Парични средства на трансакциски сметки во денари | | 50.622 |
| | *(исплата на плата и надомест за боледување за 05. 2025)* | | |

## Постапка за поднесување на документи до ФЗО

Правата од задолжително здравствено осигурување во прв степен, согласно **член 31** став 3 и 4 од ЗЗО се остваруваат во ФЗО со поднесување на уредно **барање** (во пишана или електронска форма), задолжително комплетирано со потребната документација.

**Во пишана форма** барањето се поднесува секој работен ден во тек на работното време на ФЗО.

**Во електронска форма** поднесување на барањето се врши преку веб порталот на ФЗО со користење на електронски потпис со валиден дигитален сертификат од електронската здравствена картичка, или општо прифатениот електронски потпис согласно со прописите со кои се регулираат податоците во електронски облик и електронски потпис, комплетирано со потребна документација. Електронската форма на барањето може да се поднесе и надвор од работното време и во неработни денови, а рокот за постапување по барањето започнува да тече од првиот нареден работен ден.

Согласно **Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување** ("Сл. весник на РМ" бр. 378/23 и 218/24) до ФЗО се поднесуваат соодветни барања и пропратна документација.

***1) Право на надомест на плата по основ на боледување во случај на болест/нега*** - за остварување на ова право до ФЗО се поднесува *БАРАЊЕ за надоместок на плата поради болест /нега **(Образец на барање - Н1)** кон кое се приложува следнава документација:*

- извештај за привремена спреченост за работа (образец - ИСР) од избран лекар;
- наод, оценка и мислење од лекарската комисија (само за боледување над 15 дена);
- изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен) и
- доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

***2) Право на надоместок на плата по основ на боледување во случај на бременост и раѓање -*** за остварување на ова право до ФЗО се поднесува *БАРАЊЕ за надоместок на плата поради бременост и раѓање* ***(Образец на барање - Н2****) кон кое се приложува:*

- извештај за привремена спреченост за работа - образец ИСР од избран лекар;
- извод од книга на родените на детето (копие);
- решение за адаптација - посвојување од Центар за социјални работи за посвоено дете (само за посвоено дете);
- изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен);
- доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

**3) Право на надомест на плата по основ на повреда на работа/професионална болест -** за остварување на ова право до ФЗО се доставува *БАРАЊЕ за надоместок на плата поради повреда на работа/професионална болест* ***(Образец на барање Н3)*** *кон кое се приложува следнава документација:*

- извештај за привремена спреченост за работа - образец ИСР од избран лекар;
- наод, оценка и мислење од лекарска комисија;
- наод, оценка и мислење од лекарската комисија за утврдување на повреда на работа/професионална болест;
- записник од Државен инспекторат за труд за утврдување на повреда на работа;
- повредна листа - ЕТ8 образец;
- изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен) и
- доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

**4) Право на надоместок на плата поради бременост и раѓање во висина од 50% од утврдениот надоместок поради враќање на работа** - за остварување на ова право до ФЗО се доставува *БАРАЊЕ за надоместок на плата поради бременост и раѓање во висина од 50% од утврдениот надоместок поради враќање на работа* ***(Образец на барање Н4)*** *кон кое се приложува:*

- изјава од осигуреничката за враќање на работа;
- потврда од работодавачот дека осигуреничката се враќа на работа пред истекот на спреченоста за работа поради бременост и родителство; и
- доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.



**5) Право на надомест на плата по основ на отсуство од работа за родителство на таткото/посвоителот на детето -** за остварување на ова право до ФЗО се доставува *Барање на надоместок на плата поради отсуство од работа за родителство на таткото/посвоителот на детето (Образец на барање Н5) - кон барањето се приложува:*

- извештај за привремена спреченост за работа - образец - ИСР од избран лекар;
- извод од книгата на родените за детето (копие);
- решение за адаптација - посвојување од Центар за социјални работи за посвоено дете (само за посвоено дете);
- изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен);
- доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

# Годишен извештај за работењето на друштвата согласно Законот за трговски друштва

МИТРА НИКОВА

Покрај обврската за изготвување на годишна сметка и финансиски извештаи одредени трговски друштва имаат обврска и за изготвување на извештај за работењето на друштвото согласно Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" бр. 28/04...272/24 - во понатамошниот текст: ЗТД). Собранието, односно собирот на содружниците заедно со годишната сметка, односно финансиските извештаи го одобрува и извештајот за работењето на друштвото во форма на Годишен извештај.

Годишниот извештај содржи податоци кои може да бидат многу важни за работењето на друштвото, а не може да се забележат од годишната сметка и финансиските извештаи.

Раководните органи врз база на овој извештај носат важни менаџерски одлуки кои влијаат во превземањето на соодветни деловни политики.

## Важност и форма на годишниот извештај

Годишниот извештај освен што претставува законска обврска, истовремено е и значајна алатка за анализа и стратешко планирање која ја користат сопствениците и управителите на друштвата, како и потенцијалните клиенти на друштвата.

Иако годишниот извештај нема строго пропишана форма т.е не е пропишан образец, сепак треба да ги содржи сите елементи пропишани во **член 384** од ЗТД. На тој начин, со својата содржина освен што ќе ја исполни законската обврска, истовремено ќе ја оствари и својата основна намена за објективно презентирање на работењето на друштвото.

## Обврзници за доставување на годишен извештај

**Обврска за доставување на годишен извештај** за работа на друштвото **до ЦРРСМ имаат само одредени друштва** а тоа се:

- *големи и средни друштва,*
- *друштва кои составуваат консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештаи и*
- *друштва кои котираат на берза.*

Големината на друштвата, односно класификацијата на трговците се утврдува согласно **член 470** од ЗТД. Според овој член зависно од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните 2 години, трговците се класифицираат во микро, мали, средни и големи трговци.

Во категоријата на **микро трговец** се класифицира трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериуми:

- просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа да е **до 10 работници** и

- бруто приход остварен од трговецот од кој било извор **да не надминува 50.000 ЕВРА** во денарска противвредност.

Како **мал трговец** се класифицира трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните 3 следни критериуми, и тоа:

**-** просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е **до 50 работници** и

- годишниот приход да е **помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност,** или

- просечната вредност (на почеток и на крај на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) **да е помала од 2.000.000 евра во денарска противвредност.**

Во категорија на **среден трговец** се вклучува трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

- просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е **до 250 работници** и

- годишниот приход да е **помал од 10.000.000 евра во денарска противвредност** или

- просечната вредност (на почеток и на крај на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е **помала од 11.000.000 евра во денарска противвредност**.

Трговците кои не се распоредуваат во мали или средни трговци стекнуваат статус на **големи трговци.**

Банките, друштвата за осигурување и другите финансиски институции и трговците кои составуваат консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештаи се распоредуваат како големи трговци.

Регистарот на годишни сметки при ЦРРСМ, во рок од 60 дена од рокот пропишан за предавање на последната годишна сметка врз основа на која трговецот се распоредува, го известува трговецот за распоредувањето.

## Рок за доставување на годишниот извештај

Одобрените финансиски извештаи заедно со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување во препис ги доставува до Регистарот на годишни сметки при ЦРРСМ **најдоцна 30 дена** од денот на нивното одобрување, но не подоцна од **30 јуни (член 482 став 2** од ЗТД).

Наведените извештаи се ставаат во деловната или друга просторија на увид, при што право на увид има секој содружник или акционер.

Консолидираната годишна сметка, заедно со извештајот за работењето за тековната година, друштвото е должно да ја достави до ЦРРСМ, најдоцна до 31 март наредната година (**член 506 став 4** од ЗТД).

Одобрените консолидирани годишни сметки и одобрените консолидирани финансиски извештаи, заедно со годишниот извештај за работата на друштвото, органот на управување **најдоцна 30 дена** од денот на нивното одобрување, во препис ги доставува до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар.

Истите се ставаат во деловните или други простории на увид, при што право на увид има секој содружник, односно акционер.

## Содржина на годишниот извештај (член 384 став 7)

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на работењето, вклучувајќи ги:

**- промените во опкружувањето** во чии рамки друштвото дејствува, одговорот на друштвото на тие промени и нивно влијание,

**- политиката на вложувања** за одржување и поддршка на успешноста во работењето на друштвото, вклучувајќи ја **и политиката на дивиденди** и изворите на средства на друштвото,

- политиката на **односот на долгорочниот долг спрема основната главнина** и политиката на **управување со ризикот**,

Друштвата треба да воведат политика на управување со ризикот која треба да содржи податоци за следење на приливите, контрола на одливите, финансиски инструменти за плаќање кои ќе се користат во работењето, да се дефинираат средствата и нивните извори во поглед на рочноста и стабилноста, да се постави организациска структура, да се дефинираат норми за значајни комитенти и меѓусебна соработка со истите, да се дефинираат целите на работењето, поделба на одговорностите и други значајни поставки кои би биле од значење за нормалното работење на друштвото,

**- големите зделки и зделките со заинтересирана страна,** со прикажани податоци за висината на износот на трансакциите кои се извршени врз основа на зделка со заинтересирана страна и начинот и постапката во која била одобрена зделката со заинтересирана страна, име, презиме и адреса на заинтересираната страна ако е физичко лице, или назив и седиште ако заинтересираната страна е правно лице,

**Големи зделки** вклучуваат без ограничување: заем, кредит, залог, гаранција или меѓусебно поврзани зделки, со кои се стекнува или отуѓува имот на друштвото чија вредност е над **20%** од сметководствената вредност на имотот на друштвото.

**Зделки со заинтересирани страни** претставуваат зделки во кои има судир на интереси кога во деловен однос со друштвото стапува носител на соодветна управувачка или надзорна функција во друштвото (управител, основач, акционер кој поседува повеќе од 20% од уделите/акциите на друштвото).

**- средствата на друштвото чија вредност не е одразена во билансот на состојба** според МСС за финансиско известување,

Различното мерење и признавање според МСФИ/МСС треба да се искаже како посебност и нивното влијание врз висината на финансискиот резултат на друштвото, истотака, треба да се квантифицира посебно.

**- изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат**,

Со цел поставување план за развој, треба да се направат анализи и проценки на постојните можности во поглед на капацитет, асортиман, анализа на пазарот, квалитет на производите/услугите, издвојување на делови од добивката за развој, поставување на финансиски планови и ликвидност.

- **активностите во сферата на истражувањето и развојот,**

Да се опише истражувачката активност која се спроведува во друштвото и да се направи анализа на постигнатите резултати.

**- информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции, во зависност од релевантните околности,**

Оваа информација е значајна за содружниците и доверителите (потребно е да се објави номинална вредност на евентуално купени сопствени акции, односно удели, цената по која е извршено купувањето, процент на сопствените акции, односно удели во однос на вкупното портфолио на субјектот, причина за нивното купување и која е намерата со овие акции, односно удели во иднина).

**- плати и други примања на органите на управување во други друштва,**

Задолжителни податоци кои се објавуваат во годишниот извештај на друштвото се и примањата на секој извршен член на одборот на директори и на член на управниот одбор (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), односно надоместокот на неизвршните членови на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор.

Во годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за примањата **во органи на управување** во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права) за сите извршни членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, неизвршните членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор.

Во годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за вработувањето**, односно за засनован работен однос кај други работодавачи** (назив на работодавач, дејност, висина на плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права) за извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, неизвршните членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор.

**- други информации**

Во годишниот извештај може да се презентираат и други податоци утврдени со други членови од ЗТД.

Според **член 500 ставови 6 и 7** од ЗТД, кога едно друштво, стекне во текот на деловната година удел, односно акции со најмалку **10%** од сите гласови во собранието, односно собирот на содружниците во друго друштво, органот на управување е должен за тоа да ги извести содружниците, односно акционерите во годишниот извештај за работењето на друштвото, како и за друштвата во кои тоа друштво има значајно учество, мнозинско учество или заемно учество.

Согласно ЗТД, видот на учеството се мери според бројот на гласови,односно според учеството во основната главнина кои ги поседува едно друштво во друго друштво и тоа изразено во проценти:

**- значајно учество** - доколку друштвото поседува од **20% до 50%** од вкупниот број на гласови, односно од основната главнина;

**- мнозинско учество** - доколку друштвото поседува **над 50%** од вкупниот број на гласови, односно од основната главнина или

**- заемно учество** - доколку друштвата заемно стекнале удели, односно акции, така што секое има удел, односно акции што учествуваат со повеќе од 20% во основната главнина во другото друштво или ако во собранието, односно собирот на содружниците на другото друштво им припаѓаат повеќе од 20% од гласовите.

Во **член 501 став 2** од ЗТД, пропишано е дека органот на управување на зависното друштво е должен да состави извештај за односите со друштвото со мнозинско учество, за претходната деловна година, кој го поднесува како составен дел на годишниот извештај за работа на друштвото.

Согласно **член 495** од ЗТД зависно друштво е правно самостојно друштво над кое друго друштво (владејачко друштво), има непосредно или посредно превладувачко влијание.

Во извештајот на зависното друштво се наведуваат сите правни зделки што минатата година ги презело, а поврзано со друштвото со мнозинско учество или со друштвото поврзано со него врз основа на повик или во интерес на други друштва, како и сите други дејствија кои врз основа на повик или во интерес на овие друштва ги превземало или пропуштило да ги превземе во минатата деловна година.

Кај правните работи се наведуваат плаќањата и против плаќањата, а кај другите дејствија се наведуваат причините за нивното преземање, како и користа и штетите настанати за друштвото. При надоместување на штета поединечно се наведува како е надоместена штетата во деловната година и дали друштвото имало право на погодности и кои биле тие.

Кога годишната сметка и финансиските извештаи подлежат на ревизија, на овластениот ревизор истовремено со извештаите му се предава и извештајот за односите на зависното друштво со друштвото со мнозинско учество.

Согласно **член 384-а** од ЗТД, н*адзорниот одбор, односно неизвршните членови на одборот на директори*, *на акционерско друштвото чии акции котираат на берзата*, се должни да обезбедат органот на управување во посебен дел од годишниот извештај за работењето на друштвото да даде *изјава за примена на кодексот за корпоративно управување на берзата на која котираат акциите на друштвото* и кој се применува согласно со правилата за котација на таа берза. Изјавата е составен дел на годишниот извештај за работењето на акционерско друштвото чии акции котираат на берзата и истата содржи:

1) известување за кодексот за корпоративно управување кој друштвото го применува, како и местото каде што текстот на кодексот е јавно достапен;

2) известувања за примената на корпоративното управување од страна на друштвото кое го применува кодексот, а особено оние кои изречно не се пропишани со закон и

3) отстапувања од правилата на кодексот за корпоративно управување ако такви отстапувања постојат и образложение за таквите отстапувања.

## Казнени одредби

Согласно ЗТД се предвидени и одредени казнени одредби за непочитување на прописите поврзани со обврската за изготвување на годишниот извештај.

Согласно член 601 став 1 точка 8, на друштвото со ограничена одговорност - ДОО ќе му се изрече глоба за прекршок, ако не изготви годишна сметка, финансиски извештај и годишен извештај за работата на друштвото од претходната деловна година или ако бидат изготвени, а не се поднесат на собирот на содружниците, односно на собранието во роковите определени со овој закон.

Глобите се во износ:

- од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговец,
- од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за мал трговец,
- од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и
- од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Член 601 став 1 од ЗТД предвидува и прекршочна санкција забрана за вршење дејност на ДОО во траење од три месеци до две години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката. Исто така, за одговорното лице во ДОО се изрекува прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење до 1 година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

Според член 602-б, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на органот на управување на акционерско друштво, ако:

- Годишниот извештај за работа на друштвото не ги содржи пропишаните податоци за стекнатите сопствени акции утврдени со членот 337 став (1 ) од овој закон;

- Годишниот извештај за работа на друштвото не ги содржи пропишаните податоци со членот 384 став (7) од овој закон.

Во случај повторно сторување на претходно наведените прекршоци, на членовите на органот на управување, покрај претходно наведената глоба, ќе им се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење до една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.





**ВО КНИГИТЕ СЕ АЖУРИРАНИ НАЈНОВИТЕ ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ**




Збирката аналитички сметковни планови, на **240 страници** опфаќа:

Аналитички сметковен план за непрофитните организации, аналитички сметковен план за буџетот на РСМ, на единиците на локалната самоуправа и на фондовите и аналитички сметковен план за корисниците на средствата од буџетите и фондовите и за јавните здравствени установи

**цена 1.950 ден.**

Оваа книга, на **520 страници** ви нуди целосни информации за трансакциите и трансферите, тековните трансакции, капиталните трансакции, плаќањата и трансферите, пазарот на странските платедни средства и курсот на денарот, посебните мерки на Народна банка на РСМ, известувања, надзор, казнени одредби, упатства, одлуки и правилници.

**цена 1.990 ден.**

# Мирување на правата и обврските од работен однос - неплатено отсуство

✍ ВАЛЕНТИНА ТОДОРОВСКА

Согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ бр. 62/05....39/25 - во натамошниот текст: ЗРО) работникот има право да побара неплатено отсуство во случаите и под условите утврдени со колективен договор, но најдолго три месеца во текот на календарската година.

За време на неплатеното отсуство на работникот му мируваат правата и обврските од работниот однос.

Општите и гранските колективни договори исто така им даваат права на работниците во определен период и под определени услови да отсуствуваат од работа со или без надомест.

Ова право го користат вработените и во буџетскиот и во приватниот сектор.

Во продолжение ќе се задржиме на законските и подзаконските прописи кои треба при ова да се испочитуваат.

## Регулатива

Правата на работниците во приватниот и јавниот сектор да користат неплатено отсуство од работа, покрај со Законот за работни односи се уредени и со:

- *Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството* ("Службен весник на РСМ" бр. 88/09...150/16 - во натамошниот текст: ОКДПС), кој се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во приватниот сектор;
- *Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор* ("Службен весник на РСМ" бр.154/23 - во натамошниот текст: ОКДЈС) кој се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и работниците од јавниот сектор. Работодавач во смисла на овој колективен договор е орган на државната и на локалната власт и друг државен орган основан согласно Уставот на РСМ и закон, како и институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврдени со закон, а организиран како агенција, фонд, јавна установа и јавно претпријатие основано од РСМ или од општина, од градот Скопје, како и од општина во градот Скопје,
- *Колективни договори на ниво на гранка, односно оддел* кои се применуваат непосредно и се задолжителни за работодавачите кои се членови на здружението на работодавачите потписници на колективниот договор или кои дополнително му пристапиле на здружението.

## Неплатено отсуство од работа

Во рамките на ЗРО се дефинирани повеќе права и обврски за вработените и работодавачите. Едно од правата на вработените е да побараат од работодавачот неплатено отсуство. Неплатеното отсуство е дефинирано во рамките на **член 147** од ЗРО според кој работникот може да отсуствува од работа **без надомест на плата и придонеси од плата** во случаите и под условите утврдени со колективен договор, но **најдолго три месеци** во текот на календарската година. За периодот за кој работникот користи неплатено отсуство му мируваат правата и обврските од работниот однос.

Работодавачот изготвува решение кое се однесува на неплатеното отсуство на работникот, со кое ја известува надлежната институција - Агенцијата за вработување на РСМ (во натамошниот текст: АВРСМ).

Во рамките на изготвеното решение се наведува датумот на кој работникот треба да се врати на работа и да продолжи со извршување на работните обврски. Тоа значи дека вработениот што користи неплатено отсуство има право и обврска да се врати на работа по престанокот на отсуството.

Според **член 45 став 3** од ЗРО, **работникот има право и должност да се врати на работа најдоцна во рок од пет дена од денот на престанувањето на причината за мирување** на договорот. Со тој ден престанува мирувањето на договорот.

Тоа значи дека работникот треба да го почитува рокот кој работодавачот го навел во самото решение за користење неплатено отсуство.

Согласно **член 43** од ОКДПС и **член 27** од ОКДЈС, одлуката за неплатено отсуство на вработениот ја донесува работодавачот или лицето кое тој ќе го определи во согласност со потребите на процесот на работата.

По истекот на периодот на неплатено отсуство работодавачот е должен повторно да го пријави враќањето на работникот на работа во АВРСМ. Пријавувањето се врши со повикување на **член 147** од ЗРО без објавување оглас за вработување со прилог на решението за неплатено отсуство за работникот.

Работникот може да отсуствува од работа без надоместок на плата, најдолго три (3) месеци во календарската година, во следните случаи и тоа според ОКДПС И ОКДЈС:

| **ОКДПС (член 43)** | **ОКДЈС (член 27)** |
|---|---|
| 1. За нега на член на семејството | 1. За нега на член на семејството |
| 2. За изградба или поправка на куќа, односно стан | 2. За изградба или поправка на куќа, односно стан |
| 3. За учество на културни и спортски приредби | 3. За учество на културни и спортски приредби |
| 4. За учество на конгреси и конференции и сл. | 4. За учество на конгреси и конференции |
| 5. За лечење за своја сметка | 5. За лекување во земјата и во странство |
| 6. Во други случаи утврдени во колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач. | 6. За патување во странство заради семејно обединување |
| | 7. Во други случаи утврдени со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група или на ниво на работодавач. |

## Постапка за одобрување неплатено отсуство од работа

Работодавачот не е должен да одобри користење на неплатено отсуство од работа, освен ако тоа е предвидено во договорот за вработување или во политиката на друштвото.

Работодавачот не може да му наложи на работникот да користи неплатено отсуство без негово барање.

При одобрувањето на неплатеното отсуство работодавачот треба да оцени како отсуството ќе се одрази на процесот на работа. Пример, дали ќе има потреба од обезбедување заменски работник или пак задачите да ги распредели на останатите вработени. Ако повеќе вработени користат неплатено отсуство тоа може негативно да влијае и на тимскиот дух.

Исто така, треба да се има предвид дека во периодот на неплатеното отсуство за вработениот не се плаќаат придонеси од задолжително социјално осигурување, што може да биде проблем доколку по враќањето од работа вработениот користи боледување подолго

од 30 дена. Согласно одредбите од Законот за здравствено осигурување при боледување кое трае повеќе од 30 дена, Фондот за здравствено осигурување ќе исплати надомест за боледување по 30-тиот ден, само ако работникот има 6 месеци непрекинато здравственото осигурување пред настанување на боледувањето. Исклучок е неплатеното родителско отсуство за кое се смета дека нема прекин во здравственото осигурување.

Главна негативна страна пак за работникот е дека во периодот на неплатено отсуство останува без финансиски надомест. Со оглед на тоа што за работникот не се плаќаат придонеси од задолжително социјално осигурување, овој период на неплатено отсуство не се смета во пензиски стаж на работникот.

Отсуството може да влијае и на можноста на работникот за напредување во кариерата или други поволности кои произлегуваат од редовност во работењето.

Доколку сепак и за работникот и за работодавачот е прифатливо користењето на неплатено отсуство, постапката за добивање на право за неплатено отсуство започнува со поднесување на барање од работникот до работодавачот.

Во барањето мора да биде наведена причината за неплатеното отсуство и секако периодот и времетраењето на неплатеното отсуство.

По добиеното барање, работодавачот е должен истото да го разгледа и ако се исполнети сите услови потребно е да изготви и да му достави на работникот одлука за користење на неплатено отсуство од работа.

Одлуката треба да ги содржи следниве податоци:

- период од кој до кој датум се одобрува неплатено отсуство од работа;
- период во кој работникот е должен да се јави на работа по истек на неплатеното отсуство (најмногу пет дена од датумот кога истекува неплатеното отсуство) и
- причината поради која се бара и е одобрено неплатеното отсуство од работа.

***Во продолжение следуваат Барање и Одлука за неплатено отсуство.***

**Пример на барање на работникот за одобрување на неплатено отсуство**

Согласно **член 147** од Законот за работни односи (“Службен весник на РСМ” бр. 62/05...39/25) работникот го поднесе следново:

**БАРАЊЕ ЗА НЕПЛАТЕНО ОТУСТВО**

Јас ________________________ на работно место ______________ барам неплатено отсуство во периодот од ______ до ______ , поради нега на член на семејство.

Место и датум на поднесување

________________________________

Подносител на барање

________________________

**Пример на одлука за неплатено отсуство**

Врз основа на **член 147** од Законот за работни односи ("Службен весник на РСМ" бр. 62/05 ...39/25) органот на управување (управител, функционер, овластено лице) на ден________, донесе

**ОДЛУКА ЗА НЕПЛАТЕНО ОТСУСТВО**

На работникот ____________________ вработен на работно место __________ на негово барање му се одобрува неплатено отсуство во период од _____ до _____ поради нега на член на семејство.

Во овој период на вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос.

Работникот има право и обврска во рок од 5 дена по престанување на причината за мирување (нега на член на семејство) да се врати на работа на работното место кое одговара на неговата стручна подготовка.

Место и датум　　　　　　　　　　Овластено лице

________________　　　　　　　　　　____________________

## Други случаи на мирување на правата и обврските од работен однос

Освен поради користење неплатено отсуство, во ЗРО се предвидени и други основи за мирување на правата и обврските од работа.

*Издржување на казна или изречена воспитна, или заштитна мерка (член 45 од ЗРО)*

Кога работникот заради издржување на казна или изречена воспитна или заштитна мерка, не може да ја врши работата за период пократок од 6 месеца или заради отслужување воен рок или вршење на цивилна служба со надомест, притвор и во други случаи определени со закон, времено престане да ја врши работата, договорот за вработување не престанува да важи и работодавачот не смее да го откаже, освен ако е поведена постапка за престанување на работодавачот, за кој период договорот мирува.

Работникот има право и должност да се врати на работа најдоцна **во рок од 5 дена** од денот на престанокот на причината за мирување на договорот. Со тој ден престанува мирувањето на договорот.

Додека го користи неплатеното отсуство од работа на работникот му мируваат правата и обврските од работниот однос.

За време на мирување на работниот однос, работодавачот е ослободен од обврската да исплаќа плата, придонеси од плата (задолжително и дополнително здравствено осигурување, ПИО и осигурување во случај на невработеност) и надоместоци согласно ЗРО.

Согласно **член 77** од ЗРО договорот за вработување не смее да се откаже за време на користење на одобрено отсуство од работа и други случаи на мирување на договорот за вработување утврдени со ЗРО.

**Во периодот кога работникот користи неплатено отсуство од работа, за истиот се спроведува одјава во Агенцијата за вработување со решението за мирување на правата и обврските од работен однос.**

**fvkonsalting.com.mk**
**info@fvkonsalting.com.mk**

*Мирување на работен однос поради вршење државна или јавна функција (член 151 од ЗРО)*

На работник кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавачот, му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата и има право, **во рок од 15 дена** по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

*Мирување на работен однос на работник упатен на работа во странство (чл.152 од ЗРО)*

На работник кој е испратен на работа во странство, работниот однос му мирува кога:

- работникот е упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот и
- здравствените работници и здравствените соработници вработени во здравствени установи, се упатени во хуманитарни или мировни операции во медицински тимови надвор од територијата на РСМ и на воените обврзници од резервниот состав на Армијата на РСМ - активен резервен персонал, се ангажирани во единиците на Армијата на РСМ заради учество во мировни операции надвор од РСМ согласно со закон, а чие упатување бара привремено да престанат да работат кај работодавачот во траење **до 8 месеци,**
- брачниот другар на работникот е упатен на работа во странство.

Работникот има право да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка, во рок од **15 дена:**

- по престанувањето на работата во странство,
- по престанокот на упатувањето, односно ангажирањето во странство и
- од денот на престанување на работата на брачниот другар во странство.

*Неплатено родителско отсуство*

Во **член 170-а** од ЗРО пропишано е дека по завршување на отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, работничката има право на **неплатено родителско отсуство до 3 месеци** во периодот до навршување на тригодишна возраст на детето, во најмногу 3 дела, заради грижа на детето.

Потребната документација работодавецот треба да ја достави до АВРСМ со која го пријавува мирувањето на работниот однос, по основ на неплатено родителско отсуство.

Ако за време на користењето на ова право, работничката забремени, не го губи правото на надоместок на плата по основ на бременост, раѓање и родителство.

Во **член 15 став 2** од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 25/00...209/23) пропишано е дека за осигуреникот на кој му мирува работниот однос поради користење на неплатено родителско отсуство, придонесот за остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување се плаќа преку програма на Министерството за здравство и за периодот во кој му мирува работниот однос заради неплатено родителско отсуство **се смета дека нема прекин во здравственото осигурување**.

Согласно **член 10 став 1 точка 16** од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Сл. весник на РМ" број 42/08 ...3/25) обврзник за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување е работник на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство. За корисниците на ова отсуство, обврска да пресметува и уплатува придонес за задолжително здравствено осигурување има Министерството за здравство. Основицата за пресметка и уплата на придонес за задолжително здравствено осигурување е во висина **од 50%** од просечната исплатена месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година. Според податоците на ДЗС оваа основица за 2025 год. изнесува 31.577 денари.



# ДАНОЧЕН ИНФОРМАТОР

# Годишна даночна пријава за данок на личен доход за 2024 година - потврдување до 31 мај 2025 година

ТРЕНДАФИЛКА ВАСИЛЕВА

Управата за јавни приходи секоја година изготвува пополнета годишна даночна пријава за сите граѓани - физички лица кои оствариле доход во текот на 2024 година.

Пополнетата годишна даночна пријава ДЛД-ГДП, Управата за јавни приходи ја доставува до граѓаните најдоцна до 30 април 2025 година преку системот e-ujp.ujp.gov.mk.

Обврзникот физичко лице со сублимираните податоци во годишната даночна пријава за данок на доход, има можност да го провери видот и износот на доход кој го примил во текот на годината, како и да го провери платениот данок на доход.

Физичкото лице - резидент на РСМ има обврска да ја потврди или коригира пополнетата годишна даночна пријава за доходот остварен во текот на 2024 година.

Доколку сепак не ја потврди или коригира даночната пријава до 31 мај 2025 година, доставената даночна пријава се смета за потврдена.

## За кои физички лица УЈП не изготвува годишна даночна пријава?

За одредена категорија на граѓани постојат олеснувања согласно **член 114** од Законот за данокот на личен доход ("Сл. весник на РМ" бр. 241/2018 и "Службен весник на РСМ" бр. 84/2019...274/22 - во натамошниот текст: ЗДЛД) за кои УЈП не треба да изготвува годишна даночна пријава. Ова ослободување се однесува на лицата кои во текот на годината оствариле доход **само од пензија исплатена од ФПИОМ**. Ова ослободување важеше **до 31.12.2024 год.**

По овој период, односно почнувајќи од 2025 година, ако не се направат други промени во ЗДЛД, и граѓаните кои оствариле доход само од пензија, ќе бидат обврзани да се регистрираат во системот на e-ujp.ujp.gov.mk и да поднесат годишна даночна пријава.

## Видови на доход кои се предмет на оданочување во годишна даночна пријава

Физичкото лице може во текот на годината да ги оствари следниве видови на доход кои се предмет на обработка во годишната даночна пријава:

- доход од работа,
- доход од самостојна дејност,
- доход од авторски и сродни права,
- доход од продажба на сопствени земјоделски производи,
- доход од права од индустриска сопственост,
- доход од закуп и подзакуп,
- доход од капитал,
- капитални добивки,
- добивки од игри на среќа.

## Потребата од регистрација во е-Даночни услуги и достава на образецот ДЛД-ГДП

Управата за јавни приходи за да може да ја достави пополнетата годишна даночна пријава преку системот e-ujp.ujp.gov.mk, како и за да можат граѓаните да ја исполнат својата законска обврска, односно да ја потврдат точноста или да ги коригираат податоците од по-

полнетата годишна даночна пријава, потребно е навреме да се регистрираат на системот е-Даночни услуги e-ujp.ujp.gov.mk.

Обврска за регистрација на е-Даночни услуги има секој граѓанин (физичко лице) кое во текот на 2024 година остварило доход по било кој основ (плата, регрес за годишен одмор, доход од закуп, од добивки од игри на среќа, од странство и друг доход кој подлежи на оданочување со данокот на личен доход), заради прием на пополнетата годишна даночна пријава (ДЛД-ГДП) од УЈП, како и заради потврдување или коригирање на податоците за доходот и платениот данок на личен доход.

## Рок и форма на поднесување на годишната даночна пријава

Преку годишната даночна пријава се сублимираат на едно место сите податоци за физичкото лице - обврзник за данокот на личен доход (ДЛД) кое во текот на годината остварило доход, како и платените аконтации на данокот во текот на годината за која се утврдува данокот.

Согласно **член 96 став 2** од ЗДЛД, Управата за јавни приходи најдоцна до 30-ти април наредната година ја доставува годишната даночна пријава до обврзникот.

Обврзникот на данокот на доход е должен **најдоцна до 31 мај** да ја потврди точноста на податоците од доставената пополнета годишна даночна пријава или да ја коригира истата.

Забелешка: Доколку обврзникот не ја потврди или коригира доставената пополнета годишна даночна пријава до 31 мај, доставената пополнета годишна даночна пријава **се смета за потврдена.**

Образецот на кој се поднесува годишната даночна пријава ”ДЛД-ГДП” од страна на УЈП, е пропишан во Правилникот за формата и содржината на годишната даночна пријава за утврдување данок на личен доход, начинот на доставување на годишната даночна пријава од страна на органот за јавни приходи и начинот на потврдување од страна на обврзникот (“Службен весник на РСМ” бр. 101/20 - во натамошниот текст: Правилникот).

## Годишна даночна пријава за утврдување на данок на личен доход

Годишната даночна пријава се состои од:



### Дел со лични податоци на обврзникот

Во овој дел се наоѓаат личните податоци како: ЕМБГ; име, презиме и адреса на живеење; телефон за контакт; е-маил адреса на обврзникот; број и датум на пријавата кога е генерирана; рок за потврда и период за кој се однесува пријавата.

### Остварен доход

Дел во кој поединечно се наведени сите видови на остварени доходи и износите на пресметан и платен данок на доход.

Во полето ”бруто износ на доход” се внесува бруто доходот за секој одделен вид на доход, односно збирот на нето доходот, зголемен за износот на данокот на личен доход и износот на искористените одбитоци.

Во пријавата се евидентираат следниве видови доход:

**1.1 Плата и надоместоци на плата** од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот. Во овој дел се прикажува:

- платата која физичкото лице ја примило во тековната година;
- надоместот на плата што работникот одреден период во годината го добивал од работодавачот или од друг орган, пример надомест на плата за време на боледување од ФЗОМ;
- платата од дополнително вработување кај друг работодавач согласно член 121 од Законот за работните односи и

- исплата по основ на деловна успешност на работодавачот (13-та плата).

**1.2 Пензии -** Ова поле е предвидено за примањата остварени во вид на пензии. За корисниците на пензии преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, пресметаниот данок на доход се евидентира како да е платен, согласно член 112 од ЗДЛД.

**1.3 Друг доход од работа** - во ова поле се пополнети податоци за доход од работа остварен во пари или во некој друг облик (ваучери и др.парични потврди, хартии од вредност, стоки, услуги или во друг облик кој има парична форма). Овде спаѓаат следниве видови надоместоци:

- надоместоци на трошоци од работен однос над износите утврдени во членот 12 од ЗДЛД и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Закон за работни односи, Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, гранските колективни договори, колективните договори на ниво на работодавач и прописите на органите на државната управа,
- користење на станбени згради или станови кои се во сопственост на работодавачот или кои работодавачот ги користи по основ на закуп или по друг основ,
- користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели, вклучувајќи и превоз од и до работно место,
- стекнување со хартии од вредност и учество во капиталот на работодавачот и кај поврзани лица со работодавачот, без надоместок или по цена пониска од пазарната,
- примања на членови на органите на управување и на органите на надзор во трговските друштва,
- примањата на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции,
- примања на професионални спортисти и надоместоци за врвни спортисти,
- примања на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва,
- примања на членови на Македонска академија на науките и уметностите,
- примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица,
- пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано осигурување,
- придонеси во доброволен пензиски фонд уплатени од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност и
- надоместок за практиканска работа согласно Законот за практиканство.



**2. Доход од самостојна дејност -** на ова поле се прикажува доходот кој вршителот на дејност (трговец поединец, самостоен вршител на дејност или индивидуален земјоделец) го остварил во 2024 година.

Во колоната за бруто доход се пополнуваат податоците за остварениот нето доход од вршење на самостојна дејност кој доход е утврден во полето 22 од Даночниот биланс (образец ДЛД-ДБ) на даночниот обврзник. За обврзникот кој остварил доход од самостојна дејност, а кој данокот го плаќа според паушално утврден доход се внесуваат податоци за износот на вкупниот паушален доход.

Во третата колона се пополнети податоци за износот на даночното ослободување кое се пресметува од нето-основата согласно **член 28** од ЗДЛД, додека платените придонеси и другите јавни давачки не се искажуваат, бидејќи веќе се вклучени како трошок при утврдување на нето доходот.

**3. Доход од авторски и сродни права -** Во ова поле се пополнети податоци за надоместоците остварени од авторски и сродни права што ги остварува обврзникот од авторски дела и предмети на сродни права уредени со Законот за авторското право и сродните права.

Во третата колона се пополнети податоци за износите на признаените трошоци согласно член 40 од ЗДЛД, според кој, основа за пресметување на данокот претставува остварениот надоместок намален за износот на нормирани трошоци во висина од:

1) **50% од надоместокот** - за вајарски дела, таписерии, керамопластика, уметничка керамика и витраж;

2) **40% од надоместокот** - за уметничка фотографија, ѕидно сликарство и сликарство во простор во техниките: фреска, графика, мозаик, интарзија, емајл, интарзирани и емајлирани предмети, костимографија, модно креаторство и уметничка обработка на текстил (ткаен текстил, печатен текстил и слично), сликарски дела, графички дела, индустриско обликување со изработување модели и макети, ситна пластика, уметнички решенија за сценографија, музички и кинематографски дела, реставраторски и конзерваторски дела во областа на културата и уметноста;

3) **30% од надоместокот** - за научни, стручни и публицистички дела, изведување уметнички дела во областа на сериозната музика, балетот, операта, театарското и филмското актерство, за рецитирање, снимање филмови и идејни скици за таписерија и идејни скици за костимографија и

4) **20% од надоместокот** - за преводи, предавања и слични интелектуални творби, изведување естрадни програми на забавна и народна музика како и за други авторски дела и предмети на сродни права кои не се наведени погоре.

Забелешка: На крајот од темата се наоѓа табела со нормирани трошоци и даночни стапки за секој вид на доход за оданочување.

**4. Доход од продажба на сопствени земјоделски производи -** Обврзник на данок на доход од продажба на сопствени земјоделски производи е физичко лице кое остварува доход од продажба на сопствени земјоделски производи на исплатувачи кои водат деловни книги и на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари, а кое не се оданочува како доход од вршење на самостојна дејност (**член 42** од ЗДЛД).

Во втората колона се пополнети податоци за бруто износот на доходот на обврзникот од продажба на сопствени земјоделски производи, а во третата колона се пополнети податоци за износот на признаените трошоци, кои согласно **член 44** од ЗДЛД се признаваат во висина од **80%**.

**5. Доход од права од индустриска сопственост** - Според **член 48** од ЗДЛД под доход од права од индустриска сопственост се подразбира надоместокот што обврзникот го остварува од права уредени со Законот за индустриската сопственост. Обврзник за овој вид на доход е:

- физичко лице кое остварува надоместок од права од индустриска сопственост или
- физичко лице наследник или носител на права од индустриска сопственост.

Во ова поле се пополнети податоци за доходот остварен од права од индустриска сопственост. Во третата колона се пополнети податоци за износите на признаените трошоци:

- основа за пресметување на данокот на доход од права од индустриска сопственост претставува надоместокот што го остварува обврзникот намален за износот на нормираните трошоци во висина од 10%,
- за обврзникот, наследник или носител на права од индустриска сопственост, кому му е пренесено правото од индустриска сопственост согласно закон, основа за пресметување на данокот претставува целиот износ на надоместокот.

**6. Доход од закуп и подзакуп -** Во ова поле се пополнети податоци за доходот остварен од издавање под закуп или подзакуп на земјиште, станбени и деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови на имот (**член 51** од ЗДЛД).

Во третата колона се внесуваат податоци за износите на трошоците кои согласно член 53 од ЗДЛД изнесуваат:

- **10%** од бруто-доходот при пресметување на данокот за доходот од закуп;
- **15%** од бруто-доходот при пресметување на данокот на доход од закуп на опремени станбени и деловни простории.

При остварување приходи од подзакуп основа за пресметување на данокот на доход претставува бруто-доходот намален за закупнината што ја плаќа закуподавачот.

Напомена: Во доход од закуп и подзакуп се вклучуваат и надоместоците на трошоци за поправки, реновирање, вложување и слично, кои закупецот, односно подзакупецот ги врши за сметка на закуподавачот и истите се оданочуваат со данок на личен доход.

**7. Доход од капитал** - Согласно **член 55** од ЗДЛД под доход од капитал се подразбираат:

- дивиденди и друг доход остварен со учество во добивката кај правните лица;
- камати од заеми дадени на физички и правни лица;
- камати од орочени депозити;
- камати од хартии од вредност и
- друг доход од хартии од вредност или финансиски инструменти.

Во колоната за основа за оданочување со данокот на личен доход се внесуваат следниве податоци:

- при остварени дивиденди и друг доход остварен со учество во добивката - износот на бруто дивидендите, односно доходот од учество во добивката, распределени на обврзникот;
- за остварените камати по било кој основ наведен погоре - основа претставува износот на пресметаната камата и
- за друг доход од хартии од вредност или финансиски инструменти, како основа се зема износот на бруто-доходот.

**8. Капитални добивки** - Под капитални добивки се подразбира разликата помеѓу продажната и набавната цена при продажба или размена на недвижен имот, хартии од вредност, удели издадени од инвестициски фонд, учество во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот (имот без физичка содржина кој може да се идентификува).

Во втората колона се пополнети податоци за износот на доходот остварен од продажба на недвижниот имот, учеството во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот како разлика помеѓу продажната цена и набавната цена. Во третата колона се пополнети податоци за олеснувањата во износи во кои се одобрени при пресметката на аконтациите на данокот на доход согласно **член 60** од ЗДЛД.

Основа на данокот на доход од капитални добивки претставува разликата помеѓу продажната цена на недвижен имот, хартии од вредност, удели издадени од инвестициски фонд, учество во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот и нивната куповна (набавна) цена.

За капиталната добивка остварена од продажба на хартии од вредност, удели издадени од инвестициски фонд, учество во капиталот, друг подвижен имот и недвижен имот во кој обврзникот живее најмалку една година пред продажбата, се признаваат нормирани трошоци од 10%.

На обврзникот кој остварува капитална добивка од продажба на недвижен имот, на негово барање, наместо нормираните трошоци му се признаваат стварните трошоци за инвестициски вложувања, доколку документирано ги докаже.

Забелешка: Според **член 116** од ЗДЛД, одредбите од членовите 58, 59, 60, 61 и 62 од ЗДЛД кои се однесуваат на оданочување на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фондови се применуваат **од 01.01.2023 година.**

**9. Добивки од игри на среќа** - Во ова поле се пополнети податоци за остварениот доход во текот на годината од игри на среќа согласно **член 64** од ЗДЛД.

Основа за пресметување на данокот на доход на добивките од игрите на среќа претставува износот на поединечната исплата на добивката.

Основа за пресметување на данокот на доход на добивките од игрите на среќа во обложувалница претставува износот на поединечната исплата на добивката намален за износот на поединечната уплата врз основа на која е остварена добивката.

Ако добивката од игри на среќа се состои од предмети, основа на данокот претставува пазарната вредност на предметите во моментот на остварувањето на добивката.

При пресметка и плаќање на данокот на доход, треба да се имаат во предвид одредбите од **член 67** од ЗДЛД, според кои, данок на доход за добивките од општите игри на среќа (наградни игри, лотарија и сл.) не се плаќа, ако поединечната исплата на добивката не го надминува износот од **5.000 денари**. Ако поединечниот износ на добивката од општите игри на среќа е поголем од 5.000 денари, данокот се пресметува на целиот износ на добивката.

Забелешка: За доходот од игри на среќа во 2024 г. се применуваше стапка од 15%, додека за останатите видови на доход во 2024 г. се применуваше единствена стапка од 10% на бруто износ или 11,1111% на нето износ.

**10. Доход од осигурување** - во ова поле се пополнети податоци за остварениот доход од осигурување согласно **членот 68** од ЗДЛД. Овде спаѓаат:

- премијата за осигурување живот уплатена од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност;
- премијата за доброволно здравствено осигурување уплатена од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност;
- премијата за неживотно осигурување уплатена од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, освен премијата за колективно осигурување која е ослободена од оданочување и
- исплатената осигурана сума, освен надоместокот на штета по основ на животно и неживотно осигурување која е ослободена од оданочување.

**11. Друг доход** - Во ова поле се пополнети податоци за остварениот друг доход на обврзникот, а тоа е доход кој не е опфатен во претходните точки. Како друг доход се смета и доходот остварен од продажба на корисен цврст отпад, доходот остварен со електронска трговија преку интернет, доходот од маркетиншки интернет услуги, износот на неискористената финансиска помош дадена за лекување, износот на неискористените донирани финансиски средства преку отворени специјални телефонски броеви за донации кои се користат за хуманитарни цели, како и кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице.

Основа за оданочување за другиот доход е бруто доходот, а кај доходот од продажба на корисен цврст отпад се признаваат нормирани трошоци во висина од 50%.

**12. Вкупно** - Во втората колона се пополнети податоци за збирот на бруто износот за сите видови на доход, а во третата колона се пополнети податоци за збирот на вкупниот износ на платени придонеси или износот на признаените трошоци.

Во четвртата колона се пополнети податоци за вкупниот износ на пресметаниот данок на доход, а во петтата колона податоци за збирот на вкупниот износ на платен данок на личен доход (ДЛД) за сите видови на доход.

**13. Износ на донирани финансиски средства.** Во овој дел се пополнети податоците за износот на донирани финансиски средства од обврзникот (физичко лице) на правно лице според одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Утврден годишен данок на личен доход.** Во овој дел, врз основа на податоците со кои располага УЈП се врши утврдување на годишниот данок на личен доход и се пополнуваат податоци за:

1. Вкупен износ на остварен доход,
2. Вкупен износ на одбитоци (платени придонеси и признаени трошоци),
3. Искористено даночно намалување при аконтативно оданочување,

4. Основа за оданочување,
5. Вкупно пресметан годишен ДЛД,
6. Даночно ослободување по основ на донации во висина од 20% од годишниот даночен долг, но не повеќе од 24.000 ден.,
7. Намалување на ДЛД по други основи,
8. Пресметан годишен данок на личен доход за плаќање,
9. Ефективна стапка на данок на личен доход (вкупен пресметан данок на личен доход/вкупен доход),
10. Вкупен износ на платен данок на личен доход во текот на годината,
11. Разлика за доплата на данокот на личен доход и
12. Повеќе платен данок на личен доход.

Забелешка: Пред редниот број 12 се внесува знакот “X” доколку се бара враќање на повеќе платениот данок на личен доход.

Полињата *Трансакциска сметка на која треба да се изврши враќањето* и *Назив на банка* задолжително се пополнуваат, доколку во квадратот пред полето за редниот број 12 е означено дека се бара враќање на повеќе платениот данок.



## Издавање на потврди за примен надомест и платен данок на личен доход

Физичкото лице кое остварило надомест по некој основ за да изврши проверка на годишната даночна пријава потребно е да ги спореди податоците во пополнетата ДЛД-ГДП пријава со реално остварените надоместоци за кои треба да поседува потврда од исплатувачот.

Согласно **член 85** од ЗДЛД, исплатувачот на доход е должен на обврзникот да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот на доход при секоја исплата. Врз основа на овие примероци од пресметката физичкото лице може да изврши споредба на податоците со пријавата.

Согласно **член 110 став 2** од Законот за работните односи (“Сл. весник на РСМ” бр. 62/05 ...74/25), работодавачот е должен да му издаде на работникот при секое исплаќање на платата како и до 31.01. следната календарска година писмена пресметка на платата, придонесите од платата и надоместоците на платата за платниот период, односно за изминатата година од кои се гледаат и пресметката и плаќањето на даноците и придонесите.

Оваа обврска за известување е пропишана и во **член 22** од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РСМ” бр. 142/08...3/25), според кој, обврзникот за пресметка и уплата на придонесите - работодавач за своите вработени и самовработено лице за своите вработени, согласно прописите од областа на работните односи е должен да му достави заверена писмена пресметка за пресметаните и уплатените придонеси на обврзникот за плаќање на придонеси најдоцна 15 дена од денот на исплата на плата или дел од плата, надомест на плата, односно друг паричен надоместок, како и збирен годишен извештај по истекот на годината најдоцна до 15 февруари наредната година.

Во ЗДЛД не е предвидена задолжителна обврска за исплатувачот за издавање збирен извештај за извршените исплати. Сепак, препорачливо е исплатувачите да издадат таков збирен извештај за да можат физичките лица полесно да ја проверат годишната даночна пријава.

Физичкото лице износите наведени во пресметките треба да ги спореди со износите во ДЛД-ГДП пријавата за да може да утврди дали податоците се точни или не.

Потврдата на исплатувачот на надоместокот треба да ги содржи следните податоци:

- бруто износ на надоместокот;
- одбитоци (доколку се пропишани);
- износ на даночно ослободување (во пресметка за исплата на плата);

- износ на платен данок на личен доход и
- нето надомест кој е исплатен на физичкото лице.

## Потврдување и плаќање на годишна даночна пријава

Физичкото лице треба да се најави во корисничкиот профил во e-ujp.ujp.gov.mk системот на УЈП во делот **ПДД** и да ја одбере опцијата Годишна даночна пријава.



Во овој дел се одбира годишна даночна пријава **за 2024 година** со кликање на копчето Преглед.

Постапката за проверка и потврда на годишната даночна пријава може да ја спроведе самиот обврзник или тоа може да го направи за него друго лице кое претходно добило полномошно од даночниот обврзник. По отворање на пријавата и по проверка на точноста на податоците во неа, на крај се одбира опцијата:

- **Потврдувам** доколку пријавата е во ред или
- **Коригирам** доколку има некои неправилности во пријавата.

Ако се врши корегирање на годишната даночна пријава, корегираните износи за соодветниот вид на доход се внесуваат во празните полиња под податоците пополнети од УЈП.

Годишната даночна пријава може да се корегира и кога физичкото лице во текот на 2024 година остварило приходи за кои имало обврска самото да плати ДЛД, а кои не ги пријавило во 2024 година. Потврдување или корегирање на пријавата се врши во пропишаниот рок **до 31.05.2025 година**.

Кога обврзникот во овој рок нема да ја потврди или коригира пријавата, **истата ќе се смета за потврдена.**

Ако пополнетата даночна пријава е точна, обврзникот може да ја потврди. Кога даночниот обврзник ќе ја отвори својата даночна пријава изработена од УЈП за потврда може да се јават и следниве ситуации за обврзникот:

- да има повеќе платен данок (претплата),
- да има обврска за доплата (должи данок),
- ниту да должи ниту да побарува данок (салдо нула).

Најчесто кога салдото кое го должи даночниот обврзник изнесува 1, 2 денари, истото произлегува од заокружување на сумите при пресметките и истото не се смета за долг.

Ако во даночната пријава на р. бр. 11 - Разлика за доплата на данок на личен доход стои износ “0”, јасно е дека физичкото лице не должи данок и може да ја потврди годишната даночна пријава како конечна.

Во ситуација кога во полето 11 во делот **Утврден годишен данок на личен доход** УЈП има износ кој обврзникот **треба да го доплати како долг,** и обврзникот е целосно согласен со пополнетата годишна даночна пријава и ја прифаќа како таква, тогаш има обврска оваа разлика **да ја плати најдоцна до 30 јуни 2025 година** (член 100 од ЗДЛД).

Забелешка: По потврдување на годишната даночна пријава УЈП ќе изготви налог за плаќање врз основа на кој обврзникот ќе може да го плати долгот.

Ако обврзникот има повеќе платен ДЛД, истиот може да го побара да му биде вратен со тоа што на крајот на потврдата во делот **Податоци за сметката** треба да го штиклира полето *Барање за враќање на данок*, а потоа да ја впише трансакциската сметка и банката во која е отворена сметката.

На крај треба да се сними внесот и да се потврди пријавата.

Со потврда на пријавата се менува статусот на истата во e-ujp.ujp.gov.mk системот во:

Статус - **Конечна ГДП.**

Со појава на овој статус се смета дека даночната пријава е потврдена.

## ПРИМЕР за пополнета годишна даночна пријава

Физичкото лице С.К ги остварило следниве видови на доход:

### ● Плата од работен однос

Работникот во текот на 2024 година бил вработен кај еден работодавач со полно работно време и кај втор работодавач со дополнително вработување.

Доходот што го остварил по основ на плата е внесен во поле 1.1 од Годишната даночна пријава.

Годишното даночно намалување за 2024 година изнесува 114.480 денари.

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| Плата од редовно работење | 831,860 | 232,921 | 48,446 | 550,493 |
| Плата од дополнително вработување | 185,185 | 51,852 | 13,333 | 120,000 |
| Вкупно | 1.017,045 | 284,773 | 61,779 | 670,493 |

### ● Друг доход од работа

Лицето примило регрес за годишен одмор за 2024 година во износ од 35.000 денари.

| Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|
| 35,000 | 0 | 3,500 | 31,500 |

Овој надомест е внесен во поле 1.3. од годишната даночна пријава.

### ● Договор за дело

Лицето било ангажирано под договор за дело од неколку субјекти во текот на 2024 година. Истото ги примило следниве надоместоци:

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| КОЛ ДООЕЛ | 46,666 | 0 | 4,666 | 42.000 |
| ЛИМ ДОО | 62,222 | 0 | 6,222 | 56.000 |
| ВИМА АД | 75,555 | 0 | 7,555 | 68.000 |
| Вкупно: | 184,443 | 0 | 18,443 | 166,000 |

Приходот од договор за дело се оданочува со стапка од 10% на бруто износот, односно 11,111% на нето износот. Овие надоместоци се вклучени **во поле 1.3** од ГДП пријавата како збирен податок со регресот за годишен одмор.

### ● Доход од авторски права

Лицето е ангажирано на проект за кој има авторски договор за превод на документацијата. За истиот го добило следниов надомест:

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| Превод | 27,174 | 5,435 | 2,174 | 25,000 |

**Напомена:** Согласно член 40 од ЗДЛД за превод на документација се пропишани нормирани трошоци во висина од 20% на бруто надоместокот.

Проверка на точноста на податоците може да се изврши од бруто надоместокот:

- Данокот на доход се пресметува по стапка од 10% на бруто износот намален за нормираните трошоци (27.174 * 20% = 5.435) 5.435 ден.
- Основа за оданочување (27.174 - 5.435 = 21.739) 21.739 ден.
- Данок на личен доход (21.739 * 10% = 2.174) 2.174 ден.
- Нето надомест кој го примило лицето (27.174 - 2.174 = 25.000) 25.000 ден.

Проверка на точноста на податоците може да се изврши од нето надоместокот:

- Нето надомест 25.000 ден.
- Пресметан данок на личен доход (25.000 * 8,6956% = 2.174) 2.174 ден.
- Бруто надомест (25.000 + 2.174 = 27.174) 27.174 ден.

**Забелешка:** Овој доход е пополнет во полето **3. Авторски и сродни права** во ГДП пријавата.

● **Доход од закуп**

Лицето во текот на 2024 година изнајмувало стан за живеење на друго физичко лице. Станот е **ОПРЕМЕН** (ослободување 15%). За издавањето добило надомест:

- Бруто надомест 236.066 ден.
- Ослободување (236.066 * 15% = 35.410) 35.410 ден.
- Основа за оданочување (236.066 - 35.410 = 200.656) 200.656 ден.
- Пресметан ДЛД (200.656 * 10% = 20.066) 20.066 ден.
- Нето надомест (236.066 - 20.066 = 216.000) 216.000 ден.

Добиениот доход за закуп на стан е прикажан во ДЛД-ГДП пријавата во поле **6. Доход од закуп и подзакуп.**

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| Закуп на опремен стан | 236,066 | 35,410 | 20,066 | 216,000 |

● **Доход од дивиденди**

Физичкото лице има остварено доход од капитал. Во текот на 2024 година му е исплатена дивиденда од друштвата како што следи:

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| КОЛ ДООЕЛ | 44,444 | 0 | 4,444 | 40.000 |
| ЛИМ ДОО | 66,666 | 0 | 6,666 | 60,000 |
| ВИМА АД | 22,222 | | 2,222 | 20,000 |
| Вкупно: | 133,332 | 0 | 13,332 | 120,000 |

Оваа примена дивиденда е прикажана во ДЛД-ГДП пријавата во поле **7. Доход од капитал**.

● **Капитални добивки**

Во 2024 година лицето го продало својот удел во друштвото ЛИМ ДОО. Влогот изнесувал 100.000 денари, а истиот го продал за 400.000 денари. Лицето ја пријавило капиталната добивка од продажбата на уделот и за истата платило ДЛД во висина од 10% на заработката.

- Основа за оданочување (400.000 - 100.000 = 300.000 x 90%) 270.000 ден.
- Пресметан ДЛД (270.000 * 10% = 27.000) 27.000 ден.

Овој надомест е внесен во поле **8. Капитални добивки.**

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| Капитални добивки | 300,000 | 30,000 | 27,000 | 273,000 |

● **Добивки од игри на среќа**

Физичкото лице во текот на 2024 година остварило и добивки од спортски обложувалници.
***Напомена:*** Добивките од игри на среќа и забавни игри се оданочуваат со стапка од 15% на бруто добивката.

| Опис | Бруто | Одбитоци | Данок | Нето |
|---|---|---|---|---|
| Добивки од игри на среќа | 176,471 | 0 | 26,471 | 150,000 |

Во продолжение следуваат пример за пополнета пријава - образец **ДЛД-ГДП**, како и табелата со **Преглед на нормираните трошоци и пресметаните стапки за данок на личен доход кои се применуваа на нето исплатите во 2024 година**.

За сите претходно набројани надоместоци лицето добило потврда за примен надомест со цел да ја провери точноста на податоците од пријавата.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА
## за утврдување на данокот на личен доход

**ДЛД-ГДП**

| | |
|---|---|
| ЕМБГ | 0608970450001 |
| Име и презиме и адреса на живеење за контакт | Стефан Крстевски<br>ул. Беровска 2-1/3<br>1000 Скопје |
| Телефон | 075/222-222 |
| е-пошта | stefan70@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| Датум и број | |
| Даночен период од | 01.01.2024 |
| до | 31.12.2024 |
| Датум на издавање | 15.04.2025 |
| Рок за потврдување | 31.05.2025 |
| Фолио број | |
| Службена исправка | |

**За корекција на пополнетите податоци внесете ги точните износи во празните полиња под податоците пополнети од Управата за јавни приходи, а во спротивно оставете ги непополнети.**

### ОСТВАРЕН ДОХОД

| | Вид на остварен доход | Бруто износ на доход | Вкупен износ на платени придонеси / признаени трошоци | Вкупен износ на пресметан ДЛД | Вкупен износ на платен ДЛД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Доход од работа** | | | | |
| 1.1. | Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот | 1.017.045 | 284.773 | 61.779 | 61.779 |
| | | | | | |
| 1.2. | Пензии | | | | |
| | | | | | |
| 1.3. | Друг доход од работа *(од работен однос, регрес за годишен одмор, од органите на управување и надзор, на функционери, пратеници, советници, носители на јавни функции, судии поротници, вешти лица, стечајни управници, членови на МАНУ, спортисти, практична обука, пензиски надоместок, придонес во доброволен пензиски фонд, практикантска работа и договор за повремено или привремено вршење на услуги)* | 219.443 | | 21.943 | 21.943 |
| | | | | | |
| 2. | **Доход од самостојна дејност** | | | | |
| | | | | | |
| 3. | **Доход од авторски и сродни права** | 27.174 | 5.435 | 2.174 | 2.174 |
| | | | | | |
| 4. | **Доход од продажба на сопствени земјоделски производи** | | | | |
| | | | | | |
| 5. | **Доход од права од индустриска сопственост** | | | | |
| | | | | | |
| 6. | **Доход од закуп и подзакуп** | 236.066 | 35.410 | 20.066 | 20.066 |
| | | | | | |
| 7. | **Доход од капитал** **(дивиденди и друг доход остварен со учество во добивката кај правни лица, камати од заеми и камати од хартии од вредност и друг доход од хартии од вредност или финансиски инструменти)** | 133.332 | | 13.332 | 13.332 |
| | | | | | |
| 8. | **Капитални добивки** **(остварени од продажба или размена на недвижен имот, хартии од вредност, учество во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот)** | 300.000 | 30.000 | 27.000 | 27.000 |
| | | | | | |
| 9. | **Добивки од игри на среќа** | | | | |
| | | 176.471 | | 26.471 | 26.471 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. **Доход од осигурување** | | | | |
| 11. **Друг доход** | | | | |
| 12. **ВКУПНО** | 2.109.531 | 355.618 | 172.765 | 172.765 |

| | |
|---|---|
| 13. **ИЗНОС НА ДОНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | |

## УТВРДЕН ГОДИШЕН ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

| | |
|---|---|
| **1. Вкупен износ на остварен доход** | 2.109.531 |
| **2. Вкупен износ на одбитоци** | 355.618 |
| • Платени придонеси | 284.773 |
| • Признаени трошоци | 70.845 |
| **3. Искористеното даночно намалување при аконтативно оданочување** | 114.480 |
| **4. Основа за оданочување 4 = 1 - (2 + 3)** | 1.639.433 |
| • Даночна основа за примена на даночна стапка од 10% | 1.462.962 |
| • Даночна основа за примена на даночна стапка од 15% | 176.471 |
| • Даночна основа за примена на даночна стапка од 18% | |
| **5. Вкупно пресметан годишен данок на личен доход** | 172.765 |
| • Пресметан годишен данок на личен доход со примена на даночна стапка од 10% | 146.294 |
| • Пресметан годишен данок на личен доход со примена на даночна стапка од 15% | 26.471 |
| • Пресметан годишен данок на личен доход со примена на даночна стапка од 18% | |
| **6. Даночно ослободување по основ на донации во висина од 20% од годишниот даночен долг, но не повеќе од 24.000 денари** | |
| **7. Намалување на данокот на личен доход по други основи** | |
| **8. Пресметан годишен данок за плаќање 8=5-(6+7)** | 172.765 |
| **9. Ефективна стапка на ДЛД 9=5/1** | 8,2% |
| **10. Вкупен износ на платен данок на личен доход во текот на годината** | 172.765 |
| **11. Разлика за доплата на данок на личен доход 11=5-10** | |
| **12. Повеќе платен данок на личен доход** *(ако барате враќање на повеќе платениот данок, внесете "x" пред полето и задолжително наведете ја банката и трансакциската сметка на која треба да се изврши враќање на повеќе платениот данок)* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трансакциска сметка | | Назив на банка | |

## ПОТВРДА НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА

☐ **ПОТВРДУВАМ** дека податоците во годишната даночна пријава целосно се совпаѓаат со остварениот вкупен доход, износот на искористените одбитоци и платените аконтации на данокот на личен доход, во наведениот даночен период (календарска година).

☐ **КОРИГИРАМ** податоци во годишната даночна пријава кои не се совпаѓаат со остварениот вкупен доход, износот на искористените одбитоци и платените аконтации на данокот на личен доход, во наведениот даночен период (календарска година).

## ПОТВРДИЛ/КОРИГИРАЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПРЕГЛЕД на нормираните трошоци и пресметаните стапки за данок на личен доход кои се применуваа на нето исплатите во 2024 година

| % на од-бивка | Даночна основица (вид на надомест) | Коефициент за претворање од нето во бруто | Пресметана стапка од 10% |
|---|---|---|---|
| намалени за придонеси и даночно намалување | **Доход од работа** (член 14 и 15 од Законот за данок на личен доход - ЗДЛД):<br>• плати, надоместоци на плата од работен однос, исплата по основ на деловна успешност на работодавачот, надоместок за боледување, надоместок за време на отсуство од работа, плата остварена во странство од работен однос во земјата и пензии | 0,9 | 11,1111% |
| | **Доход од работа - други надоместоци**<br>• надоместоци на трошоци од работен однос што се исплатени над износите утврдени во член 12 од ЗДЛД и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, утврдени со Законот за работни односи, Општиот колективен договор за приватниот сектор на РМ, гранските колективни договори, колективен договор на ниво на работодавач и прописи за органите на државна управа | 0,9 | 11,1111% |
| | • надомест за закуп на имот и трошоци за закуп на вработено лице за кое плаќа работодавачот | | |
| | • користење на станбени згради или станови кои се во сопственост на работодавачот или кои работодавачот ги користи по основ на закуп или по друг основ | | |
| | • користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели, вклучувајќи и превоз од и до работно место | | |
| | • стекнување со хартии од вредност и учество во капиталот на работодавачот и кај поврзани лица со работодавачот, без надоместок или по цена пониска од пазарната | | |
| | • примања на членови на органи на управување и надзор на трговски друштва | | |
| | • примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции | | |
| | • примања на професионални спортисти (премии, трансфери), надоместок за врвни спортисти | | |
| | • надоместок за судии поротници, вешти лица и стечајни управници, кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва | | |
| | • надоместок на членови на МАНУ | | |
| | • поединечно остварен доход по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица (договор за дело) | | |
| | • надомест за практична обука на ученици и студенти над 8.000 денари месечно | | |
| | • надоместоци за практикантска работа по Законот за практиканство | | |

| % на од-бивка | Даночна основица (вид на надомест) | Коефициент за претворање од нето во бруто | Пресметана стапка од 10% |
|---|---|---|---|
| | • пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано осигурување | | |
| | • придонес во доброволен пензиски фонд уплатени од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност | | |
| 50% | **Доход од авторски и сродни права** (член 38 - 41 од ЗДЛД)<br>• вајарски дела, таписерии, керамопластика, уметничка керамика и витраж | 0,95 | 5,263% |
| 40% | • уметничка фотографија, ѕидно сликарство и сликарство во простор во техниките: фреска, графика, мозаик, интарзија, емајл, интарзирани и емајлирани предмети, костимографија, модно креаторство уметничка обработка на текстил (ткаен текстил, печатен текстил и сл.), сликарски и графички дела, индустриско обликување со изработување на модели и макети, ситна пластика, уметнички решенија за сценографија, музички, кинематографски, реставраторски и конзерваторски дела од културата и уметноста | 0,94 | 6,3829% |
| 30% | • научни, стручни и публицистички дела, изведување на уметнички дела во областа на сериозната музика, балетот, операта, театарското и филмското актерство, рецитирање, снимање филмови и идејни скици за таписерија и костимографија | 0,93 | 7,5269% |
| 20% | • преводи, предавања и сл. интелектуални творби, изведување естрадни програми на забавна и народна музика како и за други авторски дела и предмети на сродни права кои не се претходно спомнати | 0,92 | 8,6956% |
| 10% | **Доход од права од индустриска сопственост** (член 48 од ЗДЛД) | 0,91 | 9,89% |
| 10% | **Доход од закуп и подзакуп** (член 51-54 од ЗДЛД)<br>- неопремен деловен и станбен простор и движен имот | 0,910 | 9,89% |
| 15% | - опремен деловен и станбен простор | 0,915 | 9,2896% |
| | **Доход од капитал** (член 55-57 од ЗДЛД)<br>- дивиденда, камата од заеми, од хартии од вредност | 0,90 | 11,11% |
| 80% | **Доход од продажба на сопствени земјоделски производи** | 0,98 | 2,0408% |
| | **Доход од осигурување** (член 68 од ЗДЛД) | 0,9 | 11,11% |
| | **Друг доход** (член 71 од ЗДЛД) (кусок, донации) | 0,9 | 11,11% |
| 50% | - доход од корисен цврст отпад | 0,95 | 5,2632% |
| | **Доход од добивки од игри на среќа**<br>- општи игри (наградни игри, лотариски и др. за добивка над 5.000 денари) | 0,85 | 17,647% |
| | - обложувалница | | 15% |
| | - казино и автомат клуб | 0,85 | 17,647% |
| 10% | **Капитални добивки**<br>- удел, подвижен имот и недвижен имот во кој се живеело минимум една година пред продажбата | 0,910 | 9,89% |

# Преглед на одделни податоци за МАЈ 2025 година

## за приватен, буџетски и јавен сектор

### Соопштенија од Државен завод за статистика



## Просечно исплатена плата во РСМ

1. Просечно исплатена **нето плата** по работник во РСМ во претходните три месеци (јануари, февруари и март 2025 година): ________________ **43.623**

2. Просечно исплатена месечна **нето плата** по вработен за март 2025 г: ________ **44.763**
   *(Соопштение на Државен завод за статистика бр.23.3.2025.1/3 од 22.05.2025 г.)*

3. Просечно исплатена месечна **нето плата** по вработен за цела 2024 год.: ______ **41.239**
   *(Соопштение на Државен завод за статистика бр. 4.1.25.16 од 21.02.2025 г.)*

Согласно Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ("Сл. весник на РСМ" бр. 88/09...150/16) просечната исплатена нето плата по работник во РМ во последните три месеци, се користи, како основица при пресметка на одделните издатоци:

- за надомест за испратнина при одење во пензија **најмалку двократен износ од основицата**;
- за надомест за дневници за службени патувања во земјата во висина од **8%** од основицата;
- помош во случај на смрт на работник - **во висина од три основици**;
- помош во случај на смрт на член на семејното домаќинство на работникот - **во висина од 2 основици**;
- помош при потешки последици од елементарни непогоди - **во висина од една основица**;
- јубилејна награда - **во висина на основицата**;
- за одвоен живот од семејството во висина утврдена со колективен договор на ниво на дејност, односно на ниво на работодавач но не помалку од **60% од основицата;**
- регрес за годишен одмор за минимум 6 месеци работа во годината кај ист работодавач 40% од основицата.

4. Просечно исплатена **бруто плата** по работник во РСМ во претходните три месеци (јануари, февруари и март 2025 година): ____________________ **65.524**

5. Просечно исплатената месечна **бруто плата** по работник во РСМ во март 2025 г.: ______________________________ **67.240**
   *(Соопштение на Државен завод за статистика бр.23.2.2025.1/3 од 22.05.2025 г.)*

6. Просечно исплатена месечна **бруто плата** по работник во РСМ за цела 2024 г. ____ **61.984**
   *(Соопштение на Државен завод за статистика бр. 4.1.25.17 од 21.02.2025 г.)*

**НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ ВО 2025 ГОДИНА**

Најниска месечна бруто основица за пресметување на придонесот за задолжително и дополнително здравствено осигурување, ПИО и вработување за **мај** 2025 год. изнесува **63.154 x 50% = 31.577,00 ден.**

Во образецот МПИН за **мај** 2025 год. се внесува месечна просечна бруто плата по работник во РСМ во износ од 63.154,00 денари.

**ДАНОЧНО НАМАЛУВАЊЕ ВО 2025 година**

1. Даночното намалување утврдено во **член 10 став 2** од Законот за данок на личен доход, за 2025 година на годишно ниво, изнесува ___________ **123.240 ден**.
2. Даночното намалување по основ на лични примања од плата од работен однос и пензија, месечно се утврдува во износ од ______ **10.270 ден**.

**МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РСМ ЗА МАЈ 2025 ГОДИНА**

Согласно Објавата од Министерство за труд и социјална политика („Сл. весник на РСМ" бр. 67/25), минималната плата во РСМ за **март-мај** 2025 година изнесува:

- **бруто плата __________ 36.037 ден.**
- **данок на личен доход _ 1.568 ден.**
- **придонеси ___________ 10.090 ден.**
- **нето плата ___________ 24.379 ден.**

Согласно Објавата од Министерство за труд и социјална политика („Сл. весник на РСМ" бр. 68/24), минималната плата во РСМ за **јануари-февруари** 2025 година изнесува:

- **бруто плата __________ 33.352 ден.**
- **данок на личен доход _ 1.374 ден.**
- **придонеси ____________ 9.338 ден.**
- **нето плата ___________ 22.640 ден.**

**НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ ВО 2025 ГОДИНА**

Согласно измените на **член 16** од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РСМ" бр. 171/17), **почнувајќи од февруари 2018 г**. се воведе највисока основа за придонеси од:

- 16 просечни бруто плати **за плата** (63.154 x 16).............................. 1.010.464
  16 просечни нето плати............. 655.808
- 16 просечни бруто плати за **управители, членови на управни одбори и извршни членови на одбор на директори во трговски друштва** (63.154 x 16 )..............................1.010.464
  16 нето плати ..............................655.808
- 12 просечни бруто плати **за самовработено лице (вршители на дејност - нотари, извршители, адвокати, таксисти, занаетчии и сл.)** (63.154 x 12).................................757.848

**ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

- Вредноста на бодот за платите на државните службеници од 01.01.2025 година изнесува __ **81,6** ден.

*(Од Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр.14/25)*

- Основица за платата на избрани и именувани лица во РСМ____**61.984 ден.**

*(Согласно член 11 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ „Служ. весник на РМ" бр. 36/90... 65/23).*



**ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ ЗА САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА ВО 2025 ГОД.**

*(Член 14 и член 15 од Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување)*

- Самовработени лица - вршители на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии) _______ 31.577,00
- Самовработени лица - вршители на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) ________ 63.154,00
- Самовработени лица - вршители на професионална и др. интелектуална дејност (адвокати, нотари и сл.) до истек на првата година на отпочнување на дејност _____ 31.577,00
- Месечна аконтација на нето приходот, односно паушално утврдениот нето приход на кој се плаќа данок на личен доход (АОП 28 од "ДЛД-ДБ"/12)



Ако месечната аконтација на нето приходот е поголема од 31,577,00 или 63,154,00 денари, придонесите се плаќаат на месечната аконтација.

**ПРИДОНЕСИ И НАДОМЕСТ ЗА ВОЛОНТЕРИ И НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА**

Исплатата на надоместокот и придонесите од задолжително социјално осигурување за волонтерите се регулирани со:

- Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Сл. весник на РСМ" бр. 142/08...3/25),
- Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Сл. весник на РСМ" бр. 37/97...274/22) и
- Законот за волонтерство ("Сл. весник на РСМ" бр. 85/07...103/21).

Надоместокот на трошоци за храна и за превоз до и од местото на волонтирањето се исплатува најмногу во висина до **15%** од просечната месечна плата (бруто) во РСМ исплатена за претходната 2024 год., а трошоците за службени патувања и трошоците за обука се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа. Надоместокот за храна и превоз за волонтерите за **мај 2025 г.** изнесува **9.298,00 (61.984 x 15% = 9.298,00).** Во оваа висина надоместокот е ослободен од ДЛД и е даночно признат расход во даночниот биланс "ДБ".

За волонтерот се плаќа и придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда, од **4%** од основицата (31.577,00) во износ од **1.263,00** денари.

Во **МПИН во полето 1.3 (вид обврска)** се пополнува **шифрата 222**, а **во полето 1.4 (вид на обврзник)** се пополнува **шифра 110 - обврзник правно лице**. При плаќање придонес за невработени лица ангажирани за вршење јавни работи **во МПИН во поле 1.3. (вид обврска) се внесува шифрата 242**, а во **полето 1.4. (вид на обврзник) се внесува шифра 150**. Освен МПИН, се доставува и:

**а)** буџетите, буџетските корисници и општините до Трезорот на Министерството за финансии **образец 70**

**б)** јавните здравствени установи до Трезорот на ФЗО **образец 76.**

Придонесот од **1.263,00 ден**. се уплаќа на следнава уплатна сметка:

| | | |
|---|---|---|
| **843-00149** | Придонес од плати за ПИО за работниците кај правни лица | приходно конто **712113** потпрограма **00** |

За надоместокот за волонтери и за невработените лица се доставува:

**а)** буџетите, буџетските корисници и општините до Трезорот на МФ **образец 60 или збирно барање 62**

**б)** ЈЗУ до Трезорот на ФЗО **образец 90 или збирно барање 92.**



**НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТОК ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ШТО ГО ИСПЛАЌА ФЗО**

- Највисокиот надоместок за боледување на товар на ФЗО во **мај** 2025 година изнесува 4 просечни месечни нето плати исплатени во РСМ во 2024 година *(член 17 од ЗЗО)*
 (41.239,00 x 4 = 164.956,00)___164.956 ден.

**Највисока основица**

- За МПИН пресметките почнувајќи **од јануари 2018 година**, највисока основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување е:
  - Износот од **16 просечни плати** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос и на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво.
  - Износот од **12 просечни плати** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице.
- За МПИН пресметките почнувајќи **за август 2015 до декември 2017 год.**, највисока основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување е:
  - Износот од 12 просечни плати за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос; и на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво.
  - Износот од 8 просечни плати за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице
- За МПИН пресметките почнувајќи **за март до јули 2015 година**, највисока основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување е:
  - Износот од 12 просечни плати за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос; и за примања по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа.
  - Износот од 8 просечни плати за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице.
- За МПИН пресметките кои се однесуваат **за јануари и февруари 2015 год.** не се применува границата од шест просечни плати како највисока основица за пресметка на придонесите, односно придонесите се пресметуваат на целиот износ на бруто основицата.
- Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за **јануари 2012 година заклучно со декември 2014 година** е износот од 6 просечни плати.

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема во предвид просечната плата по работник во РСМ, објавена во јануари во тековната година според податоците на ДЗС. На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, но се пресметува и уплатува данок на личен доход.

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во РСМ, објавена во јануари тековната година според податоците на ДЗС.

За МПИН пресметките кои се однесуваат на задоцнето поднесени пресметки, исправки на пресметки, исплата по основ на деловна успешност и сл., придонесите од задолжително социјално осигурување се пресметуваат со највисоката основица за пресметка на придонеси согласно законот.

# Приватен сектор

## надоместоци на трошоци за вработени

(Соопштение од ДЗС бр.23.2.2025.1/3 и 23.3.2025.1/3 од 22.05.2025 година)

| Издаток | Износ | Не се плаќа данок на личен доход | Се плаќа данок на личен доход |
|---|---|---|---|
| **Дневници за службени патувања во земјата** *(член 35 став 1 алинеја 1 од ОКДПСС, член 12 точка 18 од ЗДЛД )*<br>• **8%** од просечната исплатена нето плата во РСМ за претходни 3 месеци (43.623 x 8%) | 3.490,00 | 3.490,00 | над 3.490,00 |
| **Отпремнина за одење во пензија** *(чл. 35 став 1 алинеја 11 од ОКДПСС, член 12 точка 22 од ЗДЛД)*<br>• двократен износ од просечна исплатена нето плата во РСМ за претходни 3 месеци (43.623 x 2) | 87.246,00 | 87.246,00 | над 87.246,00 |
| **Помош во случај на смрт** *(член 35 став 1 алинеја 8 и 9 од ОКДПСС, член 12 точка 9 од ЗДЛД)*<br>• за работник (трикратен износ од просечно исплатена нето плата во РСМ во претходни 3 месеци) (43.623 x 3) | 130.869,00 | 130.869,00 | над 130.869,00 |
| • за член на семејно домаќинство (двократен износ од просечно исплатена нето плата во РСМ во претходни 3 месеци) (43.623 x 2) | 87.246,00 | 87.246,00 | над 87.246,00 |
| **Помош во случај на елементарни непогоди** *(член 35-г од ОКДПСС, член 12 точка 10 од ЗДЛД)*<br>• еднократен износ од просечно исплатена нето плата во РСМ во претходни 3 месеци | 43.623,00 | 43.623,00 | над 43.623,00 |
| **Надоместок за одвоен живот од семејството** *(член 35 став 1 алинеја 4 од ОКДПСС, член 12 точка 18 од ЗДЛД)*<br>• 60% од просечната исплатена нето плата во РСМ за претходни 3 месеци (43.623,00 x 60%) | 26.174,00 | 26.174,00 | над 26.174,00 |

| Издаток | Износ | не се плаќа данок на личен доход | се плаќа данок на личен доход |
|---|---|---|---|
| **Јубилејна награда за минимум 10 години работа кај ист работодавач** *(член 35 став 1 алинеја 10 од ОКДПСС )*<br>• просечно исплатена нето плата во РСМ за претходни 3 месеци | 43.623,00 | | на исплатениот износ |
| **Регрес за годишен одмор** *(член 35 став 1 алинеја 7 од ОКДПСС и член 9 точка 2 од ЗДД)*<br>• 40% од просечно исплатена нето плата во РСМ во претходни 3 месеци (43.623 x 40%)<br>• 80% од просечно исплатена месечна бруто плата по работник во РСМ објавена до денот на исплатата (67.240 x 80%)<br>• данок на личен доход (53.792,00 x 10%)<br>• нето за исплата (53.792,00 - 5.379,00) | 17.449,00*1 (нето)<br><br><br>48.413,00*2 | | 1.940,00 (17.449 x11,11%)<br><br>5,379,00 |
| **Надоместок за боледување за повреда на работа и професионално заболување подолго од 6 месеци** *(чл. 35-б од ОКДПСС )*<br>• просечна месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во последните 3 месеци | 43.623,00 | | на исплатениот износ |
| **Трошоци за организиран превоз** *(член 113 став 5 од ЗРО, член 12, точка 19 од ЗДЛД)* | во висина на стварните трошоци | во висина на стварните трошоци | над износот на стварните трошоци |
| **Надоместок за организирана исхрана** *(член 113 став 5 од ЗРО, член 12 точка 19 од ЗДЛД)*<br>• 20% од просечна нето плата исплатена во претходната година (41.239 x 20%) | 8.248,00 | 8.248,00 | над 8.248,00 |
| **Надомест за користење сопствено возило за службени цели** *(чл. 35 став 1 алинеја 5 од ОКДПСС, член 12 точка 17 од ЗДЛД)* | во висина од 30% од цена на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар | до 3.500,00 месечно | над 3.500,00 месечно |

*1 (минимален износ според ОКДПСС) *2 (максимален износ според Законот за данок на добивка)

| Издаток | Износ | не се плаќа данок на личен доход | се плаќа данок на личен доход |
|---|---|---|---|
| **Надоместок при селидби на вработените за потреби на работодавачот** *(член 35 став 1 алинеја 6 од ОКДПСС)* | во висина на стварните трошоци | | на исплатениот износ |
| **Месечен надомест на членови на органи на управување** *(чл. 9 став 1 точка 4 од ЗДД) (50% од просечна бруто плата во РСМ од претходна година (61.984 x 50% =30.992)* | 27.893,00 (30.992 - 3.099 = нето) | | 3.099,00 (30.992 x 10%) |
| **Лабараториски тестови за COVID-19 за вработен** годишно *(член 12, точка 45 од ЗДЛД)* | 9.000,00 | 9.000,00 | над 9.000,00 |
| **Испратнина од деловни причини (технолошки вишок)** *(член 97 од ЗРО и член 12 точка 23 од ЗДЛД)* | во висина на основицата | во висина на основицата | над основицата |

Согласно член 9 од Законот за данокот на добивка (“Службен весник на РСМ“ бр. 112/14...199/23) дневницата за службени патувања, теренскиот додаток и одвоениот живот меѓусебно се исклучуваат.



Во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини, работодавачот е должен на работникот да му исплати испратнина и тоа:

| Години на стаж кај работодавачот | Висина на испратнина |
|---|---|
| до 5 години | 1 нето плата |
| од 5 - 10 години | 2,5 нето плати |
| 10 - 15 години | 3,5 нето плати |
| 15 - 20 години | 4,5 нето плати |
| 20 - 25 години | 6 нето плати |
| над 25 години | 7 нето плати |

Основица за пресметка на испратнината е просечната нето плата на работникот во последните 6 месеца пред отказот, но истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред отказот.

| Испратнина за месец (1) | Просечна нето плата по работник во претходниот месец (2) | Најнизок износ на испратнина (50% од износот во колона 2) (3) |
|---|---|---|
| **01** 2025 год. | Нето плата во м. 12/2024 (41.999,00 * 50% = 21.000,00) | 21.000,00 |
| **02** 2025 год. | Нето плата во м. 01/2025 (43.587,00 * 50% = 21.794,00) | 21.794,00 |
| **03** 2025 год. | Нето плата во м. 02/2025 (43.050,00 * 50% = 21.525,00) | 21.525,00 |
| **04** 2025 год. | Нето плата во м. 03/2025 (43.053,00 * 50% = 21.527,00) | 21.527,00 |
| **05** 2025 год. | Нето плата во м. 04/2025 (44.763,00 * 50% = 22.382,00) | 22.382,00 |

# Јавен сектор

## надоместоци кај работодавачи со повеќе од 51% во државна сопственост - Закон за исплата на плати во РМ (ЗИП) (Соопштение од ДЗС бр.23.2.2025.1/3 и 23.3.2025.1/3 од 22.05.2025 година)

| Издаток | Износ | Не се плаќа данок на личен доход | Се плаќа данок на личен доход |
|---|---|---|---|
| **Регрес за годишен одмор** *(член 9 од ЗИП)* | | | |
| • 60% од просечна нето плата во РСМ на ден на исплата (44.763 x 60%) | 26.858,00*1 (нето) | | 2.984,00 (26.858x11,11%) |
| • 80% од просечно исплатена бруто плата по работник во РСМ на денот на исплата (67.240 x 80% = 53.792) | | | |
| • данок на личен доход (53.792 x 10%) | | | 5.379,00 |
| • нето за исплата (53.792 - 5.379) | 48.413,00*2 | | |
| **Отпремнина за одење во пензија** *(член 9 од ЗИП)* | | | |
| • двократен износ од просечна нето плата во РСМ на ден на исплата (44.763 x 2 = 89.526 - согласно ЗИП) | 89.526,00 | **87.246,00** | **над 87.246,00** |
| • двократен износ од просечна месечна нето плата во РСМ во последните 3 месеци (43.623 x 2 = 87.246,00 - согласно ЗДЛД) | 87.246,00 | 87.246,00 | над 87.246,00 |

*1 (максимален износ според ЗИП) *2 (максимален износ според Законот за данок на добивка)

02-3245-970
02-3245-971



info@fvkonsalting.com.mk
www.fvkonsalting.com.mk

# Буџетски сектор

## надоместоци на трошоци за вработени

### (Соопштение на ДЗС бр.23.2.2025.1/3 и 23.3.2025.1/3 од 22.05.2025 година)

| Издаток | Износ | Не се плаќа данок на личен доход | Се плаќа данок на личен доход |
|---|---|---|---|
| **Дневници за службени патувања во земјата**<br>• не се пропишани со Законот за извршување на буџетот - ЗИБ за 2025 година | | | |
| **Надоместок за заминување во пензија** *(член 17 од ЗИБ за 2025 година)*<br>• двократен износ од просечна месечна нето плата во РСМ до денот на исплатата (44.763 x 2 = 89.526,00 - согласно ЗИБ) *(член 12 точка 22 од ЗДЛД)* | 89.526,00 | **87.246,00** | **над 87.246,00** |
| • двократен износ од просечна месечна нето плата во РСМ објавена во последните 3 месеци (43.623 x 2 = 87.246,00 - согласно ЗДЛД) | 87.246,00 | 87.246,00 | над 87.246,00 |
| **Помош за потешки последици од елементарни непогоди** *(член 12 точка 10 од ЗДЛД)*<br>• не е пропишан во ЗИБ за 2025 година | | | |
| **Помош во случај на смрт** *(член 18 од ЗИБ за 2025 год., член 12 точка 9 од ЗДЛД)*<br>• за работник (двократен износ од просечна месечна нето плата во РСМ до денот на исплата) (44.763 x 2) | 89.526,00 | 89.526,00 | над 89.526,00 |
| • за член на потесно семејство (една просечна месечна нето плата во РСМ до денот на исплата) | 44.763,00 | 44.763,00 | над 44.763,,00 |
| **Надоместок за одвоен живот од семејството** *(член 11 од ЗИБ за 2025 год., член 12 точка 18 од ЗДЛД)*<br>• 30% од нето плата исплатена во РСМ за претходната год. (2024) (41.239 x 30%) - **САМО ЗА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ФУНКЦИОНЕРИ** | 12.372,00 | 12.372,00 | над 12.372,00 |
| **Јубилејна награда за минимум 10 години работа**<br>• не е пропишан во ЗИБ за 2025 год. | утврден со друг пропис | | на целиот исплатен износ |

| Издаток | Износ | Не се плаќа данок на личен доход | Се плаќа данок на личен доход |
|---|---|---|---|
| **Регрес за годишен одмор**<br>• не е пропишан во ЗИБ за 2025 год. | утврден со друг пропис | | на целиот исплатен износ |
| **Новогодишен надоместок**<br>• не е пропишан во ЗИБ за 2025 год. | утврден со друг пропис | | на целиот исплатен износ |
| **Надомест за боледување подолго од 6 месеци** *(член 16 од ЗИБ за 2025 година)* | една просечна месечна нето плата во органот | | на целиот исплатен износ |
| **Надомест на трошоци за селидби за потреби на работодавачот** *(член 15 од ЗИБ за 2025 година)* | во висина на стварните направени трошоци | | на целиот исплатен износ |
| **Надомест за користење сопствено возило за службени цели**<br>• не е пропишан во ЗИБ за 2025 год. | утврден со друг пропис | до 3.500,00 месечно | над 3.500,00 месечно |
| **Надомест на трошоци за храна и превоз за лицата волонтери** *(член 10 од Законот за волонтерство)*<br>• **15% од просечната месечна (бруто) плата во РСМ исплатена во (2024) год.** (61.984 x 15% = 9.298) | 9.298,00 | 9.298,00 | над 9.298,00 |

Согласно член 11 од Законот за извршување на буџетот за 2025 год., надоместокот за одвоен живот е пропишан за избрани и именувани функционери ако местото на живеење е одалечено повеќе од 100 км од местото на работење.

## РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР И ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА ВО ЈАВЕН СЕКТОР

Општиот колективен договор за јавниот сектор ("Службен весник на РСМ" бр. 154/2023) се однесува на:

- органи на државната и на локалната власт и друг државен орган основан согласно Уставот на РСМ и закон, како и
- институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврдени со закон, а организиран како агенција, фонд, јавна установа и јавно претпријатие основано од РСМ или од општина, од градот Скопје, како и од општина во градот Скопје.

**Јубилејна награда** (член 20 од ОКДЈС)

**Јубилејните награди** се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж, и тоа најмалку:

- **50%** од просечната нето плата во Републиката во претходната година за **10 години стаж**;
- **100%** од просечната нето плата во Републиката во претходната година за **20 години стаж**;
- **150%** од просечната нето плата во Републиката во претходната година за **30 години стаж;**
- **200 %** од просечната нето плата во Републиката во претходната година за **40 години стаж.**

Основица за пресметување на јубилејната награда претставува просечната месечна нето плата по работник во РСМ  исплатена во последните 12 месеци.

**Регрес за годишен одмор** (член 21 од ОКДЈС)

Вработените во јавниот сектор имаат право на **регрес за годишен одмор**, во висина од најмалку 30% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач. Основица за пресметување на регрес за годишен одмор преставува просечната месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во претходната година.

Со колективен договор на ниво на сектор, оддел или група или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со овој колективен договор.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднократно во текот на годината, доколку во еден од претходните четири последавателни квартали нема негативен раст на реалниот бруто домашен производ (БДП).

## ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА СПОРЕД ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВЕН (БУЏЕТСКИ) СЕКТОР

| За непрекината работа кај ист работодавач за најмалку: | **10 години** | **20 години** | **30 години** | **40 години** | **Се плаќа данок на личен доход** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основица:** просечна нето плата во РМ во претходната 2024 г. (41.239 денари) | **20.620** **50%** од основица (41.239 x 50%) | **41.239** **100%** од основица (41.239x 100%) | **61.859** **150%** од основица (41.239 x 150%) | **82.478** **200%** од основица (41.239 x 200%) | **на целиот исплатен износ** |

## РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР СПОРЕД ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВЕН (БУЏЕТСКИ) СЕКТОР

| **Услов** | **Основица** | **Износ** | **Се плаќа данок на личен доход** |
|---|---|---|---|
| за мин. 6 месеци работа во календарската година кај ист работодавач | **30%** од просечна нето плата во РМ во претходната година (41.239 x 30%) | **12.372** | **на целиот исплатен износ** |



## Движење на цени на мало во 2025 година
## во однос на просечните цени на мало во 2024 година

| Коефициенти за МДБ | | | |
|---|---|---|---|
| Месец | Коефициент | Сл. весник на РСМ | Датум |
| Јануари | 3,9% | 34/25 | 17.02.2025 година |
| Февруари | 1,7% | 54/25 | 11.03.2025 година |
| Март | 1,2% | 76/25 | 09.04.2025 година |
| Април | 1,4% | 92/25 | 08.05.2025 година |

## Стапка на трошоци на живот во 2025 година

| Месеци | Стапка | Соопштение на ДСЗ | |
|---|---|---|---|
| | | Број | Датум |
| Јануари | 0,2% | 4.1.25.14 | 14.02.2025 година |
| Февруари | 0,5 % | 4.1.25.22 | 07.03.2025 година |
| Март | -1,3 % | 4.1.25.34 | 07.04.2025 година |
| Април | 0,6 % | 07.5.2025.1/4 | 07.05.2025 година |

## Право на пораст на платите во 2025 година

| Месец/година | Работодавци со помалку од 51% приватна сопственост | Корисници на буџет на РСМ, буџет на општини и буџет на фондови (ФПИОМ, ФЗОМ, АВРМ и сл.) | Службен весник на РСМ |
|---|---|---|---|
| Јануари | 0,10% | 0,00% | 42/2025 |
| Февруари | 0,25% | 0,00% | 57/2025 |
| Март | 0,00% | 0,00% | 79/2025 |
| Април | 0,30% | 0,00% | 94/2025 |

## Можен број на работни часови во 2025 година

| Месец | Работни денови | Работни часови |
|---|---|---|
| Јануари | 23 | 184 |
| Февруари | 20 | 160 |
| Март | 21 | 168 |
| Април | 22 | 176 |
| Мај | 22 | 176 |

# Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати

Одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на РСМ" број 1/2025...).

| Период | 1 (ПРВА) ГРУПА НА ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Еуросупер БС-95 | Еуросупер БС-98 | Еуродизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ-1) |
| 15.04.2025 - 28.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 |
| 29.04.2025 - 05.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,00 | 65,50 |
| 06.05.2025 - 12.05.2025 | 73,00 | 75,00 | 65,00 | 65,00 |
| 13.05.2025 - 15.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 64,50 | 65,00 |
| 16.05.2025 - 16.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,50 | 65,00 |
| 17.05.2025 - 19.05.2025 | 73,50 | 77,50 | 66,50 | 65,00 |
| 20.05.2025 - ... | 75,50 | 77,50 | 67,00 | 69,00 |

# Отворени стечајни постапки над должници

### "Службен весник на РСМ" бр. 82/2025

решение Ст. бр. 157/24 и 18/25 од 10.04.2025 ■ должникот Стопанска интересна заедница за патен транспорт Македонија Собраќај “АМЕРИТ”, Скопје ■ рок за пријавување на побарувања 07.05.2025 ■ ден на рочиште 10.06.2025 ■ стечаен управник Николче Петкоски,бул. “Коста Новаковиќ” бр. 22/3-5, Скопје

### "Службен весник на РСМ" бр. 86/2025

решение Ст. бр. 39/25 од 22.04.2025 ■ должникот Друштво за трговија и услуги “ТЕЛЕДИРЕКТ” ДООЕЛ, Скопје ■ рок за пријавување на побарувања 10.05.2025 ■ ден на рочиште 20.06.2025 ■ стечаен управник Димитар Калков, бул. “Партизански одреди” бр. 62-2/24, Скопје

### "Службен весник на РСМ" бр. 87/2025

решение Ст. бр. 38/24 од 10.04.2025 ■ должникот Друштво за производство, трговија и услуги “ДБД ХЕМ” ДОО увоз-извоз, Куманово ■ рок за пријавување на побарувања 14.05.2025 ■ ден на рочиште 04.06.2025 ■ стечаен управник Христина Јоновска, ул. “4” бр. 104А, Ново Село, Ѓорче Петров, Скопје

решение Ст. бр. 217/24 од 10.04.2025 ■ должникот Друштво за градежништво и услуги “ДИАЛ ИНЖЕНЕРИНГ” ДООЕЛ, Скопје ■ рок за пријавување на побарувања 14.05.2025 ■ ден на рочиште 10.06.2025 ■ стечаен управник Весна Спирковска, ул. “Атинска” бр. 5Б, Скопје

## "Службен весник на РСМ" бр. 89/2025

решение Ст. бр. 9/25 од 23.04.2025 ■ должникот Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво “АЛФА ТРАНС КОРП” ДООЕЛ, Струмица ■ рок за пријавување на побарувања 20.05.2025 ■ ден на рочиште 11.06.2025 ■ стечаен управник Јован Митков, ул. “Ката Поцкова” бр. 110-2/9, Струмица

## "Службен весник на РСМ" бр. 90/2025

решение Ст. бр. 220/24 ■ должникот Друштво за производство, трговија и услуги “БИОСТИЛ” ДОО, Скопје ■ рок за пријавување на побарувања 21.05.2025 ■ ден на рочиште 04.06.2025 ■ стечаен управник Томе Петров, ул. “Коста Кирков” бр. 9, Скопје

## "Службен весник на РСМ" бр. 91/2025

решение Ст. бр. 28/25 од 29.04.2025 ■ должникот Друштво за трговија и услуги “СЕ КЛУБ ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ СЕРВИС” ДОО, Скопје ■ рок за пријавување на побарувања 22.05.2025 ■ ден на рочиште 04.06.2025 ■ стечаен управник Билјана Стефановска, ул. “Коста Кирков” бр. 9, Скопје

## "Службен весник на РСМ" бр. 95/2025

решение Ст. бр. 51/25 и 76/25 од 06.05.2025 ■ должникот Друштво за производство и трговија “МУЛТИ ОФИС” ДООЕЛ, Скопје ■ рок за пријавување на побарувања 28.05.2025 ■ ден на рочиште 08.07.2025 ■ стечаен управник Младен Веселинов, ул. “Михо Михајловски” бр. 32, Скопје

## "Службен весник на РСМ" бр. 98/2025

решение Ст. бр. 9/25 и 76/25 од 06.05.2025 ■ должникот Друштво за производство, трговија и услуги “ЕУРО-ГИ ЛОГИСТИК ТРЕЈД” ДООЕЛ увоз-извоз, Кавадарци ■ рок за пријавување на побарувања 31.05.2025 ■ ден на рочиште 16.06.2025 ■ стечаен управник Зоран Денковски, ул. “Абдула Прешова” бр. 21, Куманово

